СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 58-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.04.1993 ГОДИНА**


1. АРСОВ ДРАГИ – 9, 12
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 14
3. АЛИУ ЕШТРЕФ – 37, 42
4. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 52
5. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО – 62, 71, 81, 91, 110
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 94
7. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН – 45, 48     ЈОВАНОВ РИСТО - 90
8. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 31
9. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН – 59, 61
10. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 113
11. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР – 101. 105. 113
12. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 30, 32
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 32, 34, 36
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 18
15. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 50
16. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР 1, 2
17. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 24, 27, 29
18. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 30


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 2.04.1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Благоја Чкатроски, Билјана Лазаревска, Горѓи Бојковски, Панче Насев, Јован Манчевски, Васил Зимбаков и Ванчо Златанов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Збор има господин Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Пред да почнам со моето излагање, барам од Собранието на Република Македонија да испрати најостар протест до грчката Влада поради осудата на двајцата грчки државјани од македонско потекло., Христос Сидерополос или Ристо Сидоровски, и Атанасиос Булис Атанас Булевски.

И, како второ, Собранието на Република Македонија да се обрати до Меѓународната организација Амест интернешнел за застапување на правата на двајцата осудени поради тоа што јавно се декларирале дека припаѓаат на македонското национално малцинство. Мислам дека пратениците сите едногласно ќе го прифатат ова (аплауз).

Почитувани пратеници на бившата југословенска република Македонија,несомнено е дека Република Македонија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, уставно име има Републиката и од оваа говорница само како ваш предлог може тоа да го истакнете, а не како наслов на Републиката.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ова е господин претседателе предлог на македонската Влада, кој вие го прифативте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ова е Собрание на Република Македонија. Ако предлагате кажете дека тоа е ваш предлог.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Несомнено дека Република Македонија за мене е сеуште Република Македонија живее во едно бурно историско време , (претседателот Стојан Андов вели... продолжете) а оние што дале согласност за прифаќање на името макар и привремено, колку ќе трае привременоста Господ знае, бивша југословенска република Македонија верувам задоволно ги тријат рацете и Македонија веќе ја гледаат во некаква си федерација со СР

Југославија. Всушност за што се работи? Она што долго време се криеше од македонската јавност, а пред три дена излезе на виделина и преку македонската Радио и Телевизија дознавме дека од страна на така наречената македонска Влада дадена е согласност за прифаќање на привременото име, бивша југословенска република Македонија. велам така наречена зошто тешко кој би се сложил или било кој нормален македонец да ја нарече македонска затоа што према сето она што е досега направено од нивна страна може да се каже дека се базира врз разбивање на македонската кауза, а и нај новиот пример со името е во тој контекст Овој безобразлуг е само логично финале. На се она што значеше македонска надворешна политика, креирана и водена исклучиво од двајца луѓе, претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров и доскоро незаменливиот Југословен Денко Малески, екс министер за односи со странство кои сега во негов стил и манир го заменува господин Стево Црвенковски, потпретседател на Владата на Република Македонија кој верувам досега на име за дневници за престој во САД успеал да заработи барем за едно поскромно возило од типот тојота корола или нешто слично од тој калибар.

Не би сакал многу да елаборирам дека се водеше една не продуктивна, јалова, дефанзивна политика и на крај би рекол и антимакедонска, но само би ве потсетил на еден многу битен момент кој верувам не е познат на пошироката јавност. Всушност тоа беше првиот чин од драмата наречена македонска трагедија чии автор и коафтор е господинот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, и екс министерот за односи со странство Денко Малески.

Вчера го слушнавме и последниот чин, односно пред три дена од истоимената драма со давање согласност на наводно привременото име

Бивша југословенска република Македонија, чија наводна привременост ќе потрае многу подолго отколку што сакаат да не убедат господата од комунистичката Влада и нивната најголема инвестиција.

Кој е тој битен момент што сакам да го изнесам? Некаде во февруари 1992 година, трочлена делегација во состав Акил Тунте, Димитар Мирчев и Александар Димитров како специјална мисија на претседателот Глигоров престојуваа во Грција. Водени беа разговори покрај другото и околу промена на името со тогашниот министер за надворешни работи на Република Грција Андонис Самарас. При тие разговори од грчка страна биле понудени неколку концесии или отстапки и тоа: Без царинска зона во Солун, проодност на комуникациите према север, поточно према Србија, економска помош, прием во Советот на Европската заедница и други меѓународни институции. Она што е најважно грчката страна понудила бланко отворени чекови за некои господа од македонското врвно раководство за давање согласност за промена на името на Република Македонија. Напоменувам дека ова се случуваше во февруари 1992 година, значи пред околу 14 месеци.

Во текот на март 1992 година престојуваше друга делегација од три члена од МВР односно од Службата за државна безбедност со задача да договорат тајна средба со премиерот на Грција Мицотакис која би се одржала во Виена Австрија при што грчката страна би ги понудила истите концесии. За ова биле запознаени и претседателот Глигоров и неговиот екс емисар Денко Малески. Неколку недели подоцна од Виена преку д-р. Васил Топурковски дознавме за трите нови предлози за промена на името. Сега господа станува јасно која беше улогата на Виена во овие тајни трговии.

Останува само прашањето колкава е сумата што некои господа ја напишаа на грчкиот џеб за прифаќање на името бивша југословенска република Македонија, што се вели по она народната парата дупчи каде што бургијата не може. Само една напомена дека веднаш после враќањето на Тупурковски од Виена почнува хајката против него, очигледно премногу знаеше и стана зрел за отстрел, мислам на политички, а не на физички и ако и такви солуции постоеја.

Но, што значи, прифаќањето на името бивша југословенска Република Македонија? Значи, да се посегне по името Македонија, а тоа е најниска точка до која може да се доведе еден народ, кој покрај сите тие препреки успеа да го сочува историското име низ вековите и во пресудниот момент се најдоа такви антимакедонци кои за жал се на чело македонската држава, да ја распродадат и прифатат макар и привремено име, а колку ќе биде привремено тоа ќе се види допрва, кое секогаш и било туѓо на македонската нација. Прифаќањето на ова име е барем за мене велепредавство на македонските национални интереси. Ова име претставува ковчег за Македонија. Во ковчег може да се стават мртовци. Македонија е мртовецот а спроводот го сочинуваат сите наши внатрешни и надворешни душмани.

Во истиот контекст за прифаќање на ова име значи добивање на некои ситни бенефиции, на постоечката нео комунистичка номенклатура и се друго на што се надева раководството на Република Македонија. И ако би ги добиле ефектите верувам дека ќе бидат краткотрајни колку да се залажат македонските граѓани. Добивањето на кредити и бенифиции би значело своевидна награда за доброто владеење на Република Македонија т.е. за нејзината послушност, трпение, мироЉубивост и сите оние познати атрибути кои слушаат како покритие на постоечката неокомунистичка

номенклатура што би значело наголемување на шансите на истата таа номенклатура на власт за добивање на престојните избори и зацврстување на веќе poванпирениот комунизам во Република Македонија што исто така значи пролонгирање на демократските реформи и радикални зафати во економско политичкото ткиво во Република Македонија. Чисто се сомневам дека прифаќањето на името бивша југословенска Република Македонија нешто би се променило во односите со Грција и ако тоа би се случило сигурно нема да биде во наша полза. Следствено какви се гаранциите дека определениот рок од два месеца ќе се издаде решение во наша корист во преговорите со Грција околу прифаќањето на уставното име Република Македонија. Впрочем не верувам во таков позитивен исход на работите. Условувањата ќе одат до таму што ќе се бара промена на Уставот и ако тоа се негира на секој чекор од наша страна, поточно на член 49 каде што се зборува за грижата на македонското национално малцинство надвор од рамките на Република Македонија, промена на знамето и редица други отстапки на наша штета. Овие барања повеќе пати се потврдени и од грчкиот премиер Мицотакис. Така да воопшто не треба да имаме илузии дека до такви барања нема да дојде. Првенствено би сакал да бидам македонец со пасош на Република Македонија кој би успеал да ја помине грчката граница. сето ова господа требаше да се има во предвид, а не да с работи зад грбот на македонскиот народ, одговорноста да се сноси заеднички. Цинизмот оди до таму што се апелира на македонско национално единство, единство кое за жал се повеќе и повеќе се разбква благодарејќи на вас господо комунисти н на чело со господинот претседател на Република Македонија.

Секојдневно бевме и се уште сме сведетели, слушатели дека Македонија е мултиетничка, мултикултурна, мултиконфесионална од истите тие господа кои бараат национален консензус за прашањето од национален интерес. Лично сум за национален консензус, но господа комунисти го испуштивте возот на кој требаше да се темелат националните интереси, затоа господо пратеници не треба да се залажуваме самите, а уште помалку македонската јавност однапред беа разрешени сите дилеми околу името, однапред ја запечативте судбината на Македонката држава, од страна на исттие луѓе кои денеска се претставуваат како месии и спасители на Македонија. Се изврши велепредавство на македонската кауза. За велепредавство се суди. Порано или подоцна ќе одговараат за нивните зло дела што му ги извршија на овој македонски народ. Господата на власт го доведе овој народ до просјачки стап додека конта во странските банки од дена на ден се повеќе и повеќе се зголемуваат благодарејќи на јавниот грабеж што се врши во Републиката, а при тоа никој да не сноси одговорност. не само што се посега по џебот на Македонецот туку се посега и понајсветото, по името на Македонија без никаков кредибилитет и мандат од македонскиот народ се прифати една срамна солуција, наводно компромисна, нормално на штета на македонскиот народ. кој е тој господо што се става над народот, посебно во еден таков историски миг? Кардинална грешка е на претседателот Киро Глигоров што дозволи да се прифати ова име за кое лично ќе треба да сноси одговорност. Одговорност спрема македонскиот народ и пред историјата за која се надевам ние ќе бидеме сведители.

Со овој страмен чин несомнено го изгубивме националното достоинство и респект на еден зрел политички субјект во очите на светската јавност, пред се благодарејќи на понижувачката национална сервилна лаќејска политика, креирана од првиот човек на сега веќе бившата југословенска Република Македонија како што прифати македонската Влада, господинот Глигоров. Уште еднаш се докажа дека не можеме односно господата на власт не можат да владеат со сопствената судбина и судбината на македонскиот народ. Еднаш за секогаш се сфати дека без македонска национална држава националната кауза нема шанси. Бидејќи немаме национална држава немаме ни кауза за која треба да се бориме. Затоа, само би потенцирал дека велепредавниците олицотворени во ликот на актуелната комунистичка влада и претседателот Глигоров мораат веднаш да ја напуштат политичката сцена. Тоа е најдобро што можат да го направат во овој историски миг за Република Македонија.

На крај како заклучок стои фактот дека Резолуцијата на Англија, Франција и Шпанија нај енергично треба да се отфрли. Република Македонија не е ниту привремена, а уште помалку бивша југословенска Република Македонија. Таа историска стварност со чии меѓународен правен субјективитет мора да се соочи кога тогаш светската заедница, меѓународно правниот субјект на Република Македонија е признат од повеќе држави во светот, Русија, Турција, Бугарија, Словенија, Хрватска ж итн. македонскиот народ како и секој друг народ има право на самоопределување. Таквото право го потврди на референдумот од 8 септември 1991 година и со Уставот на Република Македонија на 17 ноември 1991 година. Според тоа, Република Македонија има само едно име кое никој не може да го менува, условува или наложува со диктат, а уште помалку таквото право да го преземат господата Гиро Глигоров и господата од македонската Влада. Во спротивност господа треба да размислуваат за последиците кои можат да се случат.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Дозволете ми да го изнесам моето видуваше во однос на приемот на Република Македонија во Обединетите нации под друго име, бивша југословенска Република Македонија што претставува според мене , срамен чин о ако за таа промена овде ни се објаснуваше дека е само привремена и дека е за интерна, внатрешна употреба и дека е незначајна и т.н., а јас мислам дека е многу значајна. Меѓутоа, ние овие денови доживеавме она од што најмногу страхувавме, дека некој друг ќе ни го промени името, дека некој друг решава за судбината на Македонија без наша согласност. Наводно дека надворешните фактори се решавачки фактори за нас, а видовме не е така. Мислевме дека пред се Грција е таа која сака да го избрише нашето постоење, дека промената на нашето име се условува со некаква Нацрт резолуција што во Обединетите нации ја понудија Англија, Франција и Шпанија и за која овде никој ништо не знае, овде не ја добивме и покрај тоа штос е инсистираше повеќе пати од повеќе пратеници. Меѓутоа, сега видовме дека не е никој од надвор штос ака да ни го промени името туку од овде е, од оние кои како што чувме дале извесни концесии, од оние од кои бевме информирани дека нашата држава во рамките на Обединет! те нации ќе има преодно име бивша југословенска Република Македонија.

За нас, шокантна е оваа промена, шокантно е тоа што таа промена доаѓа од претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров кој тоа овде го рече, го рече и преку своето јавно обраќање преку МРТ. Исто така го чувме и мислењето на Владата која дала согласност односно претседателот на Владата господинот Бранко Црвенковски од кого дознавме дека Република Македонија во Обединетите нации провизорно ќе биде примена како поранешна југословенска Република Македонија и не увeруваше дури овде дека зборот поранешна почнува со мала буква,

веројатно за до крај да не смири дека станува збор не за голема туку за некоја мала промена. Не виден цинизам, апсурд, секако. Но најголем апсурд за мене е што се најдовме ние во една ситуација во која ова раководство, мислам на актуелното македонско раководство кога ја даде својата согласност за промената на името таа согласност не се прифати од другата страна, сега дали треба некој друг да ни кажува и да не уверува во тоа каде е проблемот. Дали некој друг треба да ни кажува дека проблемот не е во промената на тие што даваат такви концесии или за промени бес согласност на нашиот народ.

Ако политичката структура на власт си го покаже своето лице тогаш отворено се поставува прашањето дали таа структура на власт и натаму треба да остане на таа власт и на политичката сцена на Македонија. Често пати како пратеници и како пратеничка група на ВМРО поставуваме и укажувавме дека сегашната владејачка гарнитура не е во состојба да обезбеди меѓународно признавање ниту пак може да понуди некакви решенија за излез од кризата на економски и политички план во која што криза се наоѓа нашата Република веќе подолго време. Ние постојано укажуваме дека проблемот за името на Република Македонија непосредно е сврзан со проблемот на власта односно со партијата што е на власт. Зошто? Затоа што овде на сите нас добро ни е познато дека целокупната власт тие ја грабнаа на пучистички начин со суспендираше на изборните резултати без да покажат било каква спремност за поделба на власта со партиите што се со поинакво политичко уверување. Со тоа го покажаа своето право лице дека се партија која не ги почитува демократските принципи и која е готова да направи се за да остане на власт. Со тоа тие покажаа дека со ништо не се измениле од периодот кога цврсто стоеја на

браникот на бившата југословенска опција напротив, нивното досегашно дејствување на политичката сцена на Македонија покажува дека тие уште повеќе ги зајакнаа таквите свои про југословенски позиции. Повеќе не треба да се објаснува зошто досега не го менуваат товарот од бившото југословенско наследство, не го менуваат бившото југословенско законодавство, државно правните акти и натаму се исти како во бившиот систем. Не се прифати променат на светото нешто за една држава, а тоа е државниот симбол, грбот на Македонија и натаму остана од бивша Југославија со ѕвездата петокрака. нема никакви промени во сферата на стопанство Речиси сите административни работи во претпријатијата останаа без промени. Сите работат според бившите југословенски прописи. Општествената сопственост и натаму егзистира според класичниот бивш југословенски модел со работничко самоуправување, со иста директорска структура, работнички совети, интерни акции, според моделот на новиот социјализа на Анте Марковиќ итн.

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение).

Не се извршени никакви кадровски промени во милицијата, во судството, во јавното информирање и воопшто во целокупната државна структура. Не треба повеќе да потсетуваме дека на внатрешен план по ова актуелно државно раководство ништо не направи од она што значеше на забрзување на севкупните демократски процеси, напуштање на комунистичкиот модел што на секаде пропаѓа и што никој повеќе во демократскиот свет не го поддржува. Зошто го велам ова. Затоа што ова раководство не сакаше до крај да расчисти со раздружувањето од СФРЈ, не сакаше да се прекинат државно- правните врски со бившата југословенска заедница. Македонија никогаш не инсистираше целосно да ги преземе сите овластувања и надлежности од Федерацијата. Таков е примерот со воздушниот простор, со врските што сеуште се под контрола на Белград. Не е донесен Законот за безбедност на границите. Отворена е границата спрема северниот сосед. Уставот на Република Македонија сеуште е неприменлив, не се донесени најосновните системски закони. Не постои опозиционен печат, радио и телевизија. По закон се забранува штрајкот, по невидената ескалација на репресиите врз народот. За тоа овде и немавме шанси за зборуваме. Не би требало овде дека ова македонско актуелно раководство не направи ништо и на надворешен план. На сите ни е познато дека долго време тоа не сакаше да ја интернационализира југословенската криза. Никогаш не го посочи агресорот во Југославија. Сметаме дека Македонскиот државен врв со референдумот не покажа доволна политичка зрелост и истенчен вкус, напротив сега со промената на името јасно се покажаа намерите дека со вториот дел од прашањето за Македонија со право да стапи во сојуз на суверени држави на Југославија, се обезбеди

нешто друго. Се обезбеди големата резерва што може сега да се искористи. Сметаме и сметавме дека еден од најтешките периоди за Македонија беше тримесечниот мораториум по Брионската декларација кога целосно запре работата на овој Парламент. Не случајно тогаш се стопираа заокружувањето на државноправниот процес, сега за да се искористи Македонија да прави нешто друго, што тогаш го правеа другите републики за влегуваше во Европа и во членство на меѓународната заедница. Сега стана јасно зашто немаше цврсто спротивставуваше на унитаристичките тенденции во Југославија. Македонија мораше да биде послушна. Се негираше до крај секое спротивставување за прифаќање на било кој облик за подредена положба на Македонија. Сега видовме дека ова државно раководство свесно правело се, Македонија никогаш да не ја исклучи можноста да биде доведена во ситуација како што се доведе сега да стане бивша југословенска Република Македонија.

Сите видовме дека ова државно раководство кое цврсто стои на опцијата на која одамна и одѕвони, не успеа да добие меѓународен легитимитет зашто тоа беше и нејзината цел, како втора фаза по нејзиното насилничко конституирање и егзистирање на внатрешен план на Република Македонија. Често пати овде се шпекулира и со извештајот на Арбитражната комисија на господинот Роберт Бадинтер. Точно е тоа дека Македонија ги задоволува сите барани услови за признавање. Но, точно е и тоа дека и со декларацијата за насоките за признавање на новите држави од Источна Европа и Советскиот сојуз и во Декларацијата за Југославија, како и во прашалниците за признавањето, стои дека признавањето се поврзува под услови тие држави што го бараат признавањето да бидат конституирани на демократска основа, односно власта да ја воспоставиле под демократски пат. Зошто ова го потенцирам. Затоа што овде во

Македонија сите знаеме да зборуваме за демократија и да зборуваме дека актуелната државна власт се конституирала врз демократски принципи, тоа значи исто како да зборуваме за скијање во Африка. Немаме демократија во Македонија, тоа добро сите го знаеме.

И на крајот уште нешто. Како можеме прием во ООН која што не обврзува нас и сите нејзини членки да ги почитуваат нејзините акти, а овде во Македонија, тоа и врапците го знаат, не се почитува резолуцијата 757 за спроведување на ембаргото. Владата не донесе никакви посебни одлуки за што беше обврзана да ги донесе врз основа на таа резолуција и подетално да ги забрани санкциите и да ги обврзува субјектите што треба да ги почитуваат тие санкции во разните сфери на стопанството, финансиите, прометот, во спортот, културата итн.

Доколку ова раководство не ги гледа сите овие причини, светот ги гледа и затоа не не признава. Затоа актуелното државно раководство на Македонија треба час побрзо да замине од политичката сцена на Република Македонија. Македонија ќе биде призната не со промена на името, туку со промена на државното раководство кое ќе биде на браникот на демократијата за целиот демократски свет се бори не само кај нас,туку и во светот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бранко Арсовски.  Тој не е дојден па му давам збор на пратеникот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, воопшто не ме изненадуваат вака изнесените дисконтанти ставови дури за мене се и доста

логични, поготово кога сите знаеме дека заедничка цел е пошироко меѓународно признаваше на Република Македонија, и кога прашањето за признавањето на Република Македонија не е прашање на поединец, не е прашање на група, туку тоа прашање е на секој граѓанин на Република Македонија. Меѓутоа, ова што денеска ме плаши, и навистина сум загрижен е големата инсекција на недоверба што постои не само меѓу македонските партии туку и меѓу целото македонско ткиво. Мислам дека сепак треба да најдеме можност да направиме, да постои, барем, малку умереност во ставовите и желба за компромис. Зошто навистина, загрижува фактот, во услови кога Република Македонија сеуште, во контекстот на тоа и Република Југославија и југословенската криза, а заедно со тоа и решавањето на македонското прашање ќе бидат долго време на дневен ред, нас ни е основен национален консензус, барем по прашања што се општ национален интерес.

Затоа уште еднаш апелирам, почнувајќи од актуелното државно раководство, до лидерите на партиите во Парламентот и вонпарламентарните партии и сите политички субјекти, да имаат повеќе дух на толеранција во однос на градењето на нашите ставови.

Јас господа пратеници, да ве потсетам дека Македонија, дека во Македонија се лимитирани реалните шанси за да го оствари започнатиот процес поготово во услови кога околу Република Македонија од секаде постојат балкански империјалистички цели, секој на неа нешто да ќари, а реалните можности се навистина лимитирани.

Јас прифаќам одредени политички ставови и политички блеф, ако сакате, за прашања што имаат помаргинален карактер, меѓутоа, не и за прашања егзистенцијални, круцијални прашања за Република Македонија.

Што се однесува до името ќе го изнесам мојот став. За мене името на Република Македонија не претставува крем кој што може да се брише и повторно да се стави, ниту претставува опаковка која што може да се променува онака како што на некого ќе му текне. Кога зборуваме за името Република Македонија, мора да се има предвид односот на Република Македонија во односот на македонската држава. Тоа е односот на Грција во однос на Македонската нација. Практично Грција не сака македонска нација, не сака македонска национална држава. Ако е веќе така ми се чини дека Грција ќе направи се, преку промена на името да ја ситуира Република Македонија поново во стариот статус, во кој што беше 45 години. Не е за изненадување фактот што се бара, еве и вчера прочитавме, враќање на знамето, на старото знаме на Република Македонија.

Јас навистина не гледам можност дека Грција ќе најде компромисна солуција односно Македонија ќе најде компромисна солуција во врска со името, зашто токму во името ја гледа Грција својата шанса за обезличување на Република Македонија. Така што новиот пакет на новите отстапки не само што ќе бидат логични, туку ќе се постави и прашањето кој е политичкиот субјективитет тогаш на Македонија. Зошто политичкиот субјективитет се добива низ национална држава, македонска национална држава. Ако овде се додаде и фактот дека меѓународната заедница, поготово оние кои што се протагонисти на грчката политика дека ќе се залагаат, сепак да бидат задоволени двете страни, тогаш овие два месеци, така како што ние сакаме да биде, два месеци со провизорно привремено име, мислам дека нема да бидат 2 месеци туку ќе бидат многу порастегнати. Токму затоа неизвесноста и новосоздадените ситуации што би настанале во тој случај, навистина нема да бидат случајност.

Претпоставувам дека после приемо со вакво провизорно име и ако е ветено дека ќе не признаат одредени земји, мислам дека шансата за пошироко меѓународно признавање единствено лежи во задржување на нашето легитимно историско име. При евентуална хаварија на југословенскиот простор, гаранциите дека меѓународното признавање, практички ќе се намалат зашто ќе е изгубен надворешниот кредибилитет на Република Македонија. Свесен сум за фактот доколку влеземе во ООН со ова име дека ќе има одредени економски олеснувања. Ќе има некои помошти, најверојатно можеби и ќе има и кредити и незнам уште што, меѓутоа, дали е тоа доволно за национално да се обезличи овој политички субјект на меѓународната политичка сцена. Тоа е за мене навистина прашање што ме става во дилема.

Мислам доколку не се признае Република Македонија, Доколку Република Македонија не влезе во ОН под ова провизорно привремено име, тогаш заканите, блокадите итн., сигурно дека ќе зачестат и ќе бидат посилни.

Сепак, јас реалното опстојување го гледам низ реформи радикални реформи во целокупниот општествен живот на Република Македонија. За мене навистина, се смешни одредени тврдења дека еве ние до пред 3 години живеевме многу добро, беше комунизам итн. Да ве прашам господа пратеници, комунизам беше и во Русија, комунизам беше и во Бугарија, комунизам беше и во Албанија, дали и тие живееја така како што живеевме ние. Треба да бидеме свесни на фактот дека Југославија претставуваше стратешка цел на светот. Оттука се наметнува прашањето и мислам дека денеска ние мораме сите сопствени сили да се избориме кон сопствена благосостојба, посебно со ставање во функција на вкупните наши ресурси и целокупниот политички потенцијал кој навистина е вистински капацитет на оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, кога се расправа за ваква сериозна тема секогаш го претпочитам пишаниот говор. Факт е дека не изградивме одбранбен механизам за одбрана името на нашата држава пред Советот за безбедност. Република Грција, благодарение на своите сојузници од Европската заедница, успеа и во Советот да наметнува решенија што не се разликуваат од решенијата на Европската заедница, но во друга форма.

Името што ни се наметнува е нешто ново, што ќе остане засекогаш зашто ние со Грците не ќе може да се договориме, зашто уцените нема да ги прифатиме, па ќе се случи да чекаме наредни 4 години, нови американски избори и во тоа чекање да го задржиме ова име што ни се предлага.

Фактички Грците настапуваат помудро и тука се во предност. Се стекнува впечаток дека нашиот претседател го мамат наводните наши пријатели и ако се потсетиме, тоа е така, имавме бројни посети по кои што следуваа изјави со рокови кога ќе не призна денес, утре, задутре и се се враќаме на вчера. Сега и со изнесеното име пак истите игри околу нашата држава. Ако приемот во ОН се врши врз основа на правни акти на ОН, приемот на Македонија во ОН треба да се изврши врз таа основа, односно врз правна основа. Односите меѓу членките на ОН, можат да бидат од политички карактер и се разрешуваат билатерално, а ОН тука може да посредуваат.

Се поставува прашањето дали ОН можат да наметнат решение спротивно на желбите на нашиот народ, ако ние изразуваме спремност за целосно прифаќање на актите на ОН и кооперативност.

Во случајот имаме примена на правилото "сила бога не моли" или силата господ не го моли. Како во ваква ситуација да се однесуваме? Сметам исто така, како што се однесувавме спрема Европската заедница, односно неприфаќање на никаква промена на името односно декларациите од Лисабон, Единбург итн. Зошто? Едноставно од причина, нема држава со името Македонија, нема македонски народ, а со тоа нема македонско национално малцинство во соседните земји, значи во етничкиот простор на Македонија и со тоа се прикрива геноцидот што е извршен врз македонците во останатите делови на Македонија. Папката за Македонија со тоа дефинитивно се затвора. Ете затоа ова е неприфатливо.

Претседателот на Владата го употреби терминот и рече "посредување да,ако бидеме рамноправни, членка, па со името на бивша југословенска република ќе преговараме со Република Грција како рамноправни за името Република Македонија, но под име бивша југословенска република Македонија. Што значи тоа дека нема спогодба, останува името бивша југословенска Република Македонија. Ако бидеме одбиени барањето ќе биде постојано обновувано и постојано ќе бидеме присутни во ООН. И тоа е начинот по кој треба да се оди и да се поставува од страната на Владата на РМ. Ова е едно решение.

Што практично значи прифаќањето на привременото име бивша југословенска Република Македонија, како услов за посредување во рок од 2 месеци по приемот во ООН.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (продолжение)

Тоа практично значи во старт послаба позиција во посредувањето и голем ризик за оние што играат на таа карта, свесни дека исходот ќе биде неповолен.

ВМРО-ДПМНЕ не е партија на исклучивост и нефлексибилност. Зошто, кога би биле такви, нема да имаме соговорници во Европа, би довело до нашето исклучување и би се стеснил кругот на контактите.

Да прифатам привремено име за да се договорам за моето име, ова незнам на што личи.

Дозволете да ви укажам колку коалицијата тоа вешто го одбегнува. Го прифаќа привременото име , но нивното решение е уставното име на Република Македонија. Од писмото што го цитираше господинот Бранко Црвенковски , ова е пример и од предизборниот период кога се говореше ние сме за Федерација, ние сме за конфедерација и ние сме за самостојна Македонија, па што ќе биде. Тоа истото упорно се повторува и сега. Мора да го прифатиме о,ва привремено име за потребите на ОН.

Ако е така, каде е нашата позиција? Ќе одговорам веднаш, ние сме категорични дека од уставното име нема отстапување. За тоа сме единствени. Стои впечаток дека сепак Грција ги губи позициите. Оди на нервите на светот. Неспорно е дека ние нема да се согласиме со промена на името и во услови на привремено име и употреба. Имавме две Германии, имаме две Југославии, едната се обедини, а другата најверојатно, затоа што Република Македонија е некакво српско наследство, па ако не не признаат во ОН останува Букурешт и Версај и ќе уследи второто обединување. Затоа, да прифатиме да не убедуваат за името бивша југословенска Република Македонија.

Од господинот претседател се постави прашањето кој ќе ја сноси историската одговорност за неприемот на Република Македонија во ОН? Неспорно, одговорноста е на оние кои ја водеа надворешната политика и во тоа грешеа. Тука не ја исклучувам во оваа прилика и одговорноста на однесувањето и на претставниците на албанските партии.

Останува отворено прашањето дојдовме до овде со грешки и што понатаму? Мора да се претпочитаат државните и националните интереси.

Имавме контакти со пријатели од Европа. Ние сме трпелив народ, ни рекоа, мора да го прифатите привременото име. Нашиот одговор на прашањето колку може Република Македонија да издржи непризната беше а колку може совеста на Европа да издржи со непризната Република Македонија? Секоја чест на нашите пријатели од одредени земји Ќе речам од Русија, од Турција, од Бугарија, Словенија, Хрватска. Но, посебно го почитувам ставот на Република Кина во врска со нашиот прием во ОН и нивниот искажан став.

Неспорно е дека сме изложени на голем притисок. Дури и во форма на пријателски совети. Но, сепак да се почитуваме себеси и дека друго име навистина немаме, односно немаме резервно име, не сме некој фудбалски тим.

Овие пријатели, исто така, со кои контактиравме, ни укажува. дека во определувањето на правата на националните малцинства отидоа многу превисоко. Па, оттука,ќе мора да се изврши приземјување и на правата на националните малцинства.

Дали Владата на Република Македонија го спасува господинот Мицотакис? Одговорот е да, како интерес за Грција за да може уште пожестоко да се спротивставува на нашиот прием во ОН.

Грција може да гради добри односи со Србија само ако има добри односи со Република Македонија. Сепак, Македонците се мнозински народ и словенски народ. Затоа сметам дека монополот на вистината е предност на коалицијата, таа вистина коалицијата вешто ја користи против опозицијата. Оттука имаме недостапни материјали и пораки, а со тоа да дојде до мислење на опозицијата, со цел за нејзино дискредитирање.

Да завршам, Република Грција нема место да учествува во расправата пред Советот за безбедност преку своите адвокати во Европската заедница, во врска со приемот на Република Македонија во ОН.

Во ОН приемот на Република Македонија е правно прашање, а односите со Република Грција се политички односи меѓу две земји што ќе се решаваат дури по приемот на Република Македонија во ОН под нејзиното уставно име. Не постои веќе Единбург, Лисабон. Покажавме цврстина. Тоа треба да го сториме и сега пред Советот за безбедност. Нека не одбијат. Пак ќе го обновиме барањето,ако треба и подолго време.

Едно треба да ни е јасно, Република Македонија во ОН е патот за Македонија. Зошто се плашат Грците и не само тие? Сакале или не Грците успеале да не вовлечат во таква игра со самиот чин што почнавме индиректно да се допишуваме. Оној момент кога Владата на Република Македонија го испрати своето мислење до Советот за безбедност, дефинитивно, јасно го прифати името бивша југословенска Република Македонија. Од оваа игра во која ќе биде изиграна и надиграна, единствено може да се излезе само со неприфаќање на Нацрт- резолуцијата донесена од грчките сојузници во Советот за безбедност со барање дека во Советот за безбедност нема што да се усогласуваме со Република Грција, затоа што таа нема таму што да бара. Советот за безбедност не е Европската заедница.

Влегувајќи во играта сега Грците, ова само е почеток, бараат да не биде истакнато знамето на Република Македонија. Наводно било нивно. Ќе дозволите нешто да ви презентирам. Јас ќе ви покажам една копија на една икона (ја покажува копијата на иконата на пратениците) од XII век, еве, можете да ја погледате, во ореолот имаме три сонца со 16 краци. Овие три сонца го симболизираат нашето знаме, а оваа икона е од XII век и се наоѓа во ризницата на руското национално богатство. Потекнува од Македонија.

Се поставува прашањето каде е Вергина која беше откриена пред неколку години? Значи овој симбол сонцето е вековно наследство на Македонците од овие простори.

Понатаму, сакам да ви укажам на едно списание од ТАЈМС се вика, од 16 јануари 1981 година, каде на скапо платената анонса или оглас, Грците пропагираат една изложба која се вика "По трагите на Александар Македонски". Оригиналот ќе ви го покажам кога ќе дојде господинот Бошков. Во текстот на препораката на оваа изложба што треба да се одржува во бројни градови во САД, во Бостон, Сан Франциско, Њу Орлеанс, дури на 3 јануари 1983 година во текстот јасно произлегува дека и се вели "Александар владееше со Македонија и се стори господар на Грција."

Република Македонија нема да оди по стапките на Александар Македонски и нема територијални претензии спрема Грција. Господари на Грција не сакаме повторно да бидеме. Грците нема зошто да се плашат.

На крајот, Владата сепак влета во една стапица, а тоа е дека не ќе може да прифати ниту едно барање од Грција од причина што тие барања бараат и уставни промени со двотретинско мнозинство, што не е можно да се обезбеди. И тука Грција едноставно ја вози Владата и покажува дека е несериозна. А, како инаку, кога ни името бивша југословенска Република Македонија не ќе може да го обезбеди.

Останува дилемата како да излеземе од оваа каша. Нешто треба да се стори и тоа наскоро.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На ред е господинот Бранко Арсовски.

Тој се повлекува.

Збор има Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници.

Во сегашното ново балканско уредување што силно ќе се изрази во сите балкански земји, Македонија треба да има самостоен и независен статус, а со нејзиното меѓународно признавање, тој статус треба да се уважи и од страна на ЕЗ и од страна на ОН.

Европа, со време ги надмина стогодишните војни, расколи и колежи, опустошувањата и уцените, занданите и коексиите. Сега е лишена од ловните ритуали и националистичките егонални фрустрации. Сето тоа што пред повеќе векови го доживеала Европа, како нејзин синдром, сега со цела жестокост тоа го преживува Балканот, што во војните,во просторите на бивша Југославија кулминира, ставајќи ја судбината на сите балкански народи во големо искушение.

Но, независно од тоа, длабоко сум убеден дека Балканот може да се претвори во демилитаризирана зона и може да послужи како пример за многу европски земји. За тоа постои еден единствен и сеопшт услов, целокупното балканско општество и државно уредување да се засновува врз граѓанското начело. Не е битно како бе се нарече, конфедеративно, федеративно, кантонско, коперативно или нешто друго, нормално, сите сегашни суверени, независни, самостојни држави би останале во сегашните

граници кои со дејствувањето на законите на економијата, со пазарни вредности и квалитети и со други духовни врски и асоцијации ќе исчезнат логиката и законите на еволуцијата, пред се со изградувањето на архитектурата на едно ново балканско граѓанско општество.

Тргнувајќи од обичното искуство, луѓето често пати го употребуваат изразот Балканот е буре барут. Меѓутоа треба да се знае дека барутот на овие балкански простори го донеле другите.

Инаку, овие народи и порано и сега знаеле и занаат што прават, а балканската почва и во ветената проклетија знае да биде прекрасна и тоа во се и со се. Од извонредни природни богатства и убавини па се до човекот, а тој, човекот, и кога се кара и кога мрази и кога се губи во јавашлук, сепак е горд, достоинствен, благотворен за слободарски дух и умен за зафаќање на големи ризици и дела со цел да се брани себе си, својот дигнитет и дигнитетот на сите други.

Балканот може да биде голема врата за влез во Европа. А, да не биде затворена и пречка, тоа зависи токму од Европа која низ историјата знаела да постави железен клуч оти повеќе е заинтересирана како минувач отколку како истражувач, инвеститор, спонзор и покренувач на развојот. Народното искуство вели кој му брани на посилниот да прави тоа што сака и тоа што не го сака. Бидејќи општо е познато дека меѓу државите, меѓу народите и меѓу нас обичните луѓе на одреден начин важи законот на посилните. Кој и бранел на ЕЗ да ги признае земјите што тоа го побарале, особено републиките на поранешна Југославија и сите оние слободарски народи што тоа го покренале.

Зошто тогаш помала би била веројатноста да избувне племенска и етничка војна, зашто и покрај стручната оценка на Бадинтеровата комисија сеуште не се признава Македонија како меѓународно правен субјект, зошто сеуште се митизира грчкото вето, па Република Македонија е надвор до заедницата на народите пред огромните интереси и огромните интегративни процеси и целини. Политиката и натаму молчи. Зарем тоа не може да се искористи против балканизацијата на Европа а за европизација на Балканот?

Па, се изгледа дека по Америка и некои европски земји балканските држави своето идно уредување ќе треба да го засноваат врз граѓанско начело. Тоа секако важи и за Република Македонија која има историско искуство добиено со Букурештанскиот мир 1913 година од Верјсајската Југославија од 1918 година и Јалта 1945 година, а чиј народи можат да најдат заеднички јазик за соживот врз генералното граѓанско и демократско начело "модус вивенди".

Ако Републиката Македонија сака навистина да се најде во заедница на народите и да добие меѓународно признание, таа мора внатре да биде длабоко граѓанска, да биде матица и заеднички дом на сите нејзини граѓани, без никаква национална сублимација и нагласување на таканаречениот мнозински народ, бидејќи тоа е неспоиво ниту со правниот поредок на државата, ниту со плуралистичката демократија. Ниту со граѓанското уредување кое треба да биде краен дострел.

А, да се достигне и персонализира оваа возвишена цел, потребно е целосно трансформирање на меѓунационалните односи што претпоставува целосно остварување на сите права на националностите во сите материјални и духовни области на Република Македонија.

Во тој контекст би спомнал за многуте проблеми на вклучувањето на припадниците од редовите на албанскиот народ во полицијата, народната

одбрана и во другите делови на државниот механизам каде што бројот на Албанците во стручните служби на Републичката управа и во подрачните единици и во министерствата е мошне симболичен.

Сеуште има отворени проблеми во областа на образованието, културата, научни институции и на факултетите нема научници Албанци Зошто од нив нема членови барем дописни членови на МАНУ? Бројот на студентите на Скопскиот и Битолскиот универзитет е минимален. Сеуште нема конкретни решенија за отворање на Педагошкиот факултет иако за тоа постојат сите предуслови и конкретни елаборати со непосредни ветувања од Министерството за образование и физичка култура...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За името и признавањето треба да се дискутира.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Откако ќе се исполнат овие неопходни потреби кои пред се се граѓански, тогаш Република Македонија сама по себе ќе биде призната, бидејќи таа како држава постои, пред се за нејзините граѓани и дури потоа доаѓа надворешниот фактор како меѓународно признавање. Дури тогаш нејзиниот глобален интерес ќе биде и остварен.

А сега, дозволете ми, со неколку зборови да се задржам на една изречена квалификација во вчерашната расправа во врска со меѓународното признавање на Република Македонија.

Имено, вчера, господинот Голубовски...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не се држите до темата, господине Харуни. Не се обраќајте до пратениците.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Вчера, господинот Голубовски реплицирајќи му на господинот Положани, јас се повикувам на името господине претседавач...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, без обраќање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Молам лепо...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, искажете се по точката од дневниот ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас го повикувам на реплика. И, молам. Дозволи, тоа е тешка квалификација, па би било редно и тој нека излезе, нека ја брани....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Темата е името на Република Македонија...

(реакции од редовите на ВМРО и независните пратеници во смисла да се исклучи тонот од говорницата)

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имено, вчера, господинот Голубовски реплицирајќи му на...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

И прием во ОН...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

... реплицирајќи му на господинот Положани меѓу другото рече и ова Вие сте една шака јад и апсолутно незначаен фактор.

Ако господинот мисли дека ние Албанците сме шака јад и апсолутно незначаен фактор би сакал да потсетам дека така може да се изразува само екстремните луѓе без политичка култура и кукавиците. Луѓето што својата кариера ја засновуваат врз несреќата на другите.

Споменатиот господин оди понатаму, се заканува со операционализирањето на Законот за државјанството...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Харуни ве молам држете се за темата за која расправаме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

... на Законот за државјанството и кога ќе дојде на власт ние Албанците ќе сме се соочувале со тешки последици, наводно поради тоа што Македонија нема да изгледа како што некој сака, туку таа ќе била поинаква според апетитите на споменатиот пратеник.

Каков апсурд ве молам. Во време кога сите се бориме за пошироко меѓународно признавање на Македонија, за што и ние Албанците даваме искрен придонес, за жал ќе се најде пратеник од типот Голубовски за да ги минира напорите уште во самиот почеток. Зарем изречените закани не претставуваат минирање на ваквите напори? Сепак, треба да се знае дека Македонија, независно од волјата на Голубовски ќе биде заедничка, демократска држава на сите нејзини рамноправни граѓани зашто тоа е желба и интерес токму на тие граѓани. Во тоа длабоко сум и јас убеден.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас искрено ги молам пратениците да се придржуваат на темата за која расправаме. Расправаме за името на Република Македонија и нејзиното меѓународно признавање и прием во ОН.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Не е тука.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Да не ги ставаме граѓаните во заблуда, на дневен ред не е името на Република Македонија, или нејзиното менување, на дневен ред информација на Владата на Република Македонија во врска со активностите за прием во ОН. И од овде да не се злоупотребува говорницата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, тоа е точно, така е. Ве молам имам список на пријавени кандидати за расправа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Јас само минута две нема да го задржувам вашето внимание, со оглед дека извештајот на Комисијата е поделен, меѓутоа процедурално да го изнесам ставот на матичната комисија. Комисијата ја разгледа информацијата поднесена од Владата во вид на експозе поднесена од премиерот Бранко Црвенковски и истата ја поддржа со мнозинство на гласови во Комисијата и притоа оцени дека информацијата реално го отсликува односот на силите во ОН и во меѓународната заедница со изнесениот одреден степен на влијание по нашето барање за прием во членство на ОН. При расправата Комисијата, она што особено го поттцрта е дека Владата и другите надлежни субјекти во Република Македонија, треба да ги продолжат и интензивираат сопствените активности, во насока на што побрз прием на Република Македонија во ОН и комисијата исто така со мнозинство на гласови заклучи

дека приемот на Република Македонија во ОН претставува приоритет во водењето на надворешната политика на Република Македонија во наредниот период и кон тие активности Владата треба особено да ги насочи и своите активности.

Комисијата исто така сугерира на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, со оглед на неговите ингеренции, согласно со Уставот во водењето на надворешната политика, ако тој оцени за сходно, Комисијата мисли дека е потребно и тој со одреден дел од расправата да се обрати до Собранието на Република Македонија Јас ги молам оние пратеници кои на вчерашниот ден се повикаа на извештајот, а кои не се членови на Комисијата, да не го толкуваат по сопствена потреба извештајот на комисијата. Напоменувам дека ова мое јавување беше во својство на известувач на Комисијата и го задржувам правото како пратеник да зборувам за точката.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Бидејќи сум член на Комисијата за односи со странство, ние овде сведоци сме дека беше дадена пауза скоро два часа за да заседава оваа комисија и редно беше, после заседавањето, оној заклучок што беше поодделен, а оној претставник што требаше да излезе на оваа говорница и да го изнесе тоа мислење, требаше тоа да го стори тогаш, а не после два дена на парламентарна расправа и после два дена на изведување овде на дискутанти, излегува претседателот на Комисијата и овде сега се уфрлува во меѓувреме со некакви информации кои веќе се бајати и незнам колку придонесуваат во конструктивна расправа на Собранието. Тоа е уште еден доказ за неконструктивно работење во овој Парламент, неконструктивен однос на самиот претседател на комисијата и во која мера несериозноста своја ја наметнува во овој Парламент. Затоа ве молам со резерва и со

револт да го отфрлите овој извештај на претседателот на комисијата, бидејќи на ваков начин ние покажуваме дека не работиме во согласност со она што значи правилник за работа на Собранието и на помошните тела на ова Собрание.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Јас само ќе потсетам дека ова не е извештај на претседателот на комисијата туку ова е извештај на матично тело на Собранието на Република Македонија, на Комисијата, Комисијата работеше со кворум, иако некои пратеници одбија да присуствуваат, на кворумот заклучи во својата расправа, како што кажав со мнозинство гласови. На комисијата присуствуваа и пратеници од опозицијата во Собранието на Република Македонија. Јас моето право за глас си го побарав кога требаше, заради редоследот на пријавените, дојдов на ред сабајле, а извештајот е поделен уште од вчера, но усмено го изнесов, затоа сметам дека овие обвинувања од страна на еден член на комисијата се инсинуации.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Секој има право да настапува во расправата и да го изнесе својот став и мислеше по однос на извештајот на комисијата за односи со странство.

На ред е господин Ферид Садику. Се откажува.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници, јас морам во овој случај да бидам експлицитен и имплицитен, затоа што навистина кога расправаме за нешто се отвораат теми. Ќе почнам со констатирање на некои факти и активности. Иако сеуште верувам во себе, односно не верувам дека сум во таква позиција да можам да придонесам и јас за приемот на Република Македонија во ОН. Почнувам со признавањето од Европската заедница,

односно непризнавањето. Знам дека имаше една макотрпна дипломатија на Владата, меѓутоа, секогаш одговорот беше да, не, да не, и сеуште не. Нормално многу се зборуваше и многу беше голем спорот околу името. Се повикувавме секогаш на грчките ставови, но јас би рекол читај ставови на Европска заедница иако ангажманот беше за секој респект. Меѓутоа, тој што се ангажира непосредно и квалитативно и стручно и компетентно секогаш има и поголема одговорност. Ние како пратеници би можеле да кажеме се и сешто, меѓутоа, секогаш ќе завршиме со една реченица. Овие денови треба да се случи нешто. Каде сме ние како пратеници од ПДП. Точно е, имаше некои констатации во слободните говори на овој Парламент дека пратениците на ПДП велат да со но, гаранции уставни за рамноправност, одговорот исто така беше да, но нема сега политичка клима, силите се такви во Парламентот, но гледаме дека и силите во светот се такви. Меѓутоа, го респектиравме едно најважно е Македонија да биде признаена држава. Се сеќавате придонесов на пратениците на ПДП кога требаше да се отфрла лисабонската декларација заедно имавме меѓупартиски консензус и кажавме тогаш името нема да се промени, останува Република Македонија. Во меѓувреме пандан на сите овие активности, со овие активности нормално требаше да се заокружи државноста на Република Македонија, требаше сите тука да се активираме, затоа што има и надворешна политика, меѓутоа некои работи директно зависеа од нас. Владата, тогашната, ја отфрли декларацијата на пратеничката група од ПДП-НДП, каде што се бараше рамноправен статус на албанците во Македонија. Имаше едно кратко појаснување, образложување тоа се ќе биде инкорпорирано во Уставот. Сведоци сме тоа не се случи. Пратеничката група на ПДП учествуваше активно во донесувањето на акти за заокружување на државноста на Република Македонија. Од седница во

седница бевме понекогаш навредени, па имаше и иронични толкувања од поединци. Па знаете што мајоризацијата еден крејтер од парламентарното мнозинство. Меѓутоа, не сакавме да навлеземе во тоа што е суштината од сето тоа. Кои се импликациите сето тоа одеше со признавањето, односно непризнавањето на Република Македонија. Во една прилика, претседателот на Републиката од оваа говорница рече вака. Пратениците од ПДП-НДП го поставија камен темелникот за оваа држава. Дали тоа сеуште е промашена инвестиција, како да се сака да се рече дека сега треба да се респектираат силите кои сметаат во Македонија, а има такви сили, можеби се поединци, но ги има тука. Македонија да биде чиста, еднонационална дури понекогаш кажано тука и на друго место за албанците нема место во Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Држете се за информацијата господине Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Голема е грешката господа ако мислиме дека односно ако мислите дека сме толку наивни. Ако нашиот настап беше културен и верувам во многу наврати интелектуален и толерантен, тоа го правиме свесно да ви докажеме за нешто што никогаш не сте верувале, односно не сте сакале да верувате дека албанците се навистина мирољубив народ. За жал, тоа многу побргу, многу подобро го сфати Европа и светот, а не вие со кои живееме со векови на овие простори. Има исклучоци се разбира. Признавањето односно непризнавањето продолжува. Знам, нервозата расте виновни се грците, тоа не го порекнувам јас ни никој, меѓутоа, сака некој да рече дека виновни се и тие во овој Парламент што сакаат соживот со албанците.

Македонија станува интересна земја. Доаѓаат разни дипломати, странски новинари, не сослушуваат, ние им се прикажуваме, некои ни го спомнуваат името, некои не, велат добро е, а признавањето како што знаете, чекајте, знаете што Грција, но не само тоа. Одиме преку океанот во Њујорк во ОН доставуваме барање, таму се пак истите лавови, со најголемата лавица Грција. Но треба да се обидуваме тоа е дипломатија. Со денови е екс министерот таму. Разговори, во ходници, во кабинет. Се враќа. И кога се враќа ние што. Кога тој ни ги кажуваше маките, одредени пратеници1 и партии мораме да го признаеме тоа. Крајно некоректно се однесуваат кон него. Ангажмот за прием во ОН продолжува, ангажирани, неангажирани едниот официјален господинот Стево Црвенковски, другиот партиски официјален во Атланта, САД ни збор на говорницата. Третиот независен се враќа, сфатил дека околу Македонија не се врти светот. Двајцата се враќаат ништо ново. Официјалниот останува таму, затоа што тој има одговорност, тој е одговорен, тој треба да ја заврши работата. Во последно време ја имавме информацијата на Владата, следиме се, слушаме Грција се согласува, но со што? со бивша југословенска Република Македонија. Нас не прашуваат, односно не не прашуваат. Гледате дека одговорот се бара и после рокот да биде писмен од грците. Мене ме прашуваа некои пратеници. Вие од ПДП како го"варите"ова Бивша југословенска Република Македонија", јас пак си велам што тоа ќе мораш да го голтнеш е тоа. Во таква позиција си. Односно мораш да имаш позиција, држава, во јарболот знаме, за да можеш да разговараш. Меѓутоа и јас се сомневам, само под услов не би се сомневал ако ова не асоцира исто така до нас непризната СРЈ. Меѓутоа не би можел јас да бидам толку тврдоглав во амбисот што го гледам не би сакал да паднам. Едно морам да ви кажам дека ако тоа асоцира на СРЈ.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Од мојата сондажа со тие што ги претставувам би рекол дека за албанците ориентир број 1 ќе биде запад, нормално со нивните оџаци задимени каде што сте сега. Тука нема дилеми.

Често пати и чувствително прашање се поставува што ќе бидеме. Јас навистина се извинувам но вие господа македонци ќе бидете македонци само толку колку што сакате вие да бидете. Но, македонштината немојте и не дозволувајте да се венча со типови како што е ГОСПОДИЃ Голубовски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам немојте да спомнувате имиња.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тоа ќе биде промашен брак, чист промашен брак. Ова го велам затоа што вчера ја вреѓаше една нација, не мене како личност. За тоа јас ќе му возвратам ако се работи за мене. Но, една цела нација која живее на овие простори и ниеден не станавте да се дистанцирате или да го критикувате јавно.

Нашите определби понатаму се, на овие простори, поможно во мир, тивко и паметно да си создава еден балкански Бенелукс. Можеме ние тоа ако сакаме. Замислете ако Македонија како призната држава би; транзит на портите од Исток да речеме Истанбул, Бургас и Варна и на Запад Драч, Лора и Саранда. Која ќе биде таа перспектива, треба ли тоа да го коментираме.

Ќе завршам со тоа дека за бедниот никогаш нема доволно права, а за богатиот секогаш има на претек права,а од овие две работи не е тешко да се бира.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. За точката за која расправаме сакам да подвлечам дека експозето од премиерот господин Бранко Црвенковски беше коректен без обид да нагласува или изоставува порелевантни факти. Чинам доста едноставно и разбирливо за сите во Собранието и надвор од него. Пак чинам дека тоа беше добро но тоа е и меч со две острици. Дека е тоа така покажува и расправата посебно на настапите на опозицијата чија позиција не води воопшто сметка за аргументите туку немилосрдно напаѓа, клевети инсинуира,импутира, деградира личности и институции на системот на сопствената држава и на достоинството наличноста. Со опозицијата на овој миг не чувствувам потреба за дијалог, или да спорам било што. За мене извонредно е јасна девизата на настапот: таму каде што не сме ние ништо не чини, се е погрешно, се е штетно и против Македонија и македонците. Коментарот би бил одвишен.

Чувствувам потреба да подвлечам дека можеме да бидеме единствени за многу работи. За оваа прилика би подвлекол, сите имаме желба да станеме членка на меѓународната заедница. Сите се согласуваме да не се откажеме од Уставното име. Сите се согласуваме или би требало да се согласиме дека стартувавме од позиција 0 на Република Македонија и стигнавме до самиот праг на меѓународното признавање т.е. вклучување во фамилијата на повеќе земји од светот. Јас не мислам дека во процесот на осамостојувањето до меѓународното признавање не се појавиле пропусти, но критиката се вперува, чинам, во погрешна насока.

Би потсетил во оваа прилика дека оваа Влада брои неколку месеци, а претходната која беше експертска чинам скоро цела година и коректно би

било критиката да се упати и пофалбите, ако ги има, на двете адреси. Многу работи, ќе се согласиме малку зависат од нас, а повеќе од нив. Воопшто не зависат од нас. Битно е да сфатиме и да умееме добро да се престроиме т.е. да фатиме добра позиција за просперитет со земјите пријателки и земјите заштитнички, под евентуалните ризици од надвор. Нас, сите ќе се согласиме местото ни е во ООН. Со република Грција треба да истраеме во нашата определба за непосреден дијалог и соработка. Ние, убеден сум, еден ден ќе бидеме признати. Името не го менуваме. Свесни верувам се македонците дека се тоа што сте. Вие сте тука во сопствената куќа со созреана свест за национална припадност, со држава, со сите институции, држави, правни економски, политички, научни, културни, образовни, со јазик, со писмо, со историја. Што толку загрижени ? Што толку тревога кој како ќе ве нарече? Верувам нема да се осеќате утврдени ако ве потсетам на примерот на германците. Секој во светот на свој јазик ја наименувал и ја нарекува онака како што си сака. Никаде не сум сретнал некој германец да се осекал навреден и реагирал на тоа или доставил приговор, остро протестирал дека мојата земја се вика Дојчланд јас сум дојчер, или женскиот род дојчери. Не ви велам да се огледате и во нас, бидејќи се се плашам, сеуште сте многу осетливи. Но, и нас не нарекуваат со десетина имиња. Битно е дека Македонија постои вие постоите, јас со вас работам, заеднички дејствуваме и ценам во поважните, поосетливите работи од иста позиција за исти цели.

По повод темата што ни е на дневен ред сакам да подвлечам некои други работи. Мислам дека ние сме општество повеќе со епска култура, но, со лирска душа. Процесот на описменувањето или образованието ни бил доста репресивен. Тоа се однесува и на мене што зборувам и на сите во Република Македонија. Ние за тоа, чинам, доста тешко го градиме

сопственото мислење и токму затоа инсистираме нашето сопствено мислење да доминира, тоа да остане во просторот подолго, да се уважи подолго како единствено умесно и праведно. Тоа дами и господа пратеници е нереално и тоа од причина што во градењето на тоа мислење мислам не успеавме да го вклучиме целиот наш мисловен систем и така ја губиме брзо потребната критичка дистанца. Последица на тоа е недоволната јасност на мислата, непотребно лутање, ангажирање на додатни лексени и синтагми и често пати несвесна капитулација, додавајќи, е па вие што ме слушате сигурно знаете што сакам да кажам Сето тоа се должи, пред се, на отсуството на посовремен восхитнообразовен систем во Републиката, т.е. на нашето големо задоцнување , на нашата неспремност и неможност да одиме во чекор со реалните потреби на сегашноста, а понајмалку на иднината. Оттука, и нашата несфатлива потреба оваа мала креативна енергија што ја поседуваме да ја потрошиме бесцелно во ситни периферни прашања и во меѓусебен натпревар кој кого најповеќе ќе го обвини, ќе го оцрни, ќе го обезвреднува, ќе го клевети , девалвира на најнедостоен начин. Зошто? Заради фактот што поголемиот број на актуелните политичари избрани на првите демократски избори своите потреби за изградба на политички став и задоволуваат од изворите на т.н. "радио-милева", бидејќи и од нас, за жал од тој извор, кафеанските муабети со полна трпеза чајџилниците и улиците, за жал се чинам побрз и поефикасен автентичен извор на информации и нормално е што нашиот простор се премрежува од голем број сезнајковци, големи патриоти, војводи, комити, претскажувачи на судбини, еретици и пророци. Затоа, нашиот доминусбалканикум свесен или несвесен за неговата неспособност да се фати во коштец со проблемите што ги наметнува сегашноста се застрашува при помислата дека е обврзан да придонесе и за иднината и тоа како внук

или правнук на славни епски личности, бега длабоко во минатото и од таа позиција комуницира во сегашноста ставајќи на трпеза на дневната политика реквизити кои предизвикуваат емоции, побудува ажелби за убави соништа, бидејќи сиот расплет на тоа т.е. сето соочуваше со реалноста е тешко разочарување со потешки последици. Ради тоа наша обврска е да смогнеме сили секој посебно и сите заедно овој мал наш квалитет да го збогатиме да го доградиме и да го искористиме на прав начин. Ние мораме да бидеме на прав начин. Ние мораме да бидеме реални,по критични. Ред е почесто да се преиспитуваме преку консултации, вклучувајќи додатни сили т.е. вклучувајќи го и интелектуалниот, професионалниот и научниот потенцијал, што остана од надвор, од нас тука.

Време е да се престане со критизерство, со интелектуална зајденост, со импутации, со хипотеки, до ниво на параноја и на адресата на бившата комунистичка партија и на така назначените често бесправно тука во сала наследници на комунистите а тоа се одразува и групно од позиција на партија и од поединци кои партии, за жал, таа параноја ја одразуваат и кон партијата на која и припаѓа и кон народот. Ред е да сфатиме и да признаеме дека пред очите на светот сами ја комплицираме позицијата која би ни одговарала. Ние на недозволен начин некој пат и со недозволени средства, не би сакал во оваа прилика да признаам , ја рушиме сопствената иднина. Зошто? Би се обидел можеби и без успех понатаму да дообјаснам:

Се откажуваме сите од комунистичката партија, тврдиме дека сме се трансформирале, неа беспоштедно ја критикуваме и во тоа сите се согласуваме. Тоест тврдиме дека прераснавме во демократи. Тука би ставил редица прашалници.

Настапивме во разни партии со разни имиња,заслужни - незаслужни и дури се натпреваруваме кој повеќе ќе го обвини веднаш првиот до себе. Но, што нудиме ние дами и господа пратеници. Велиме ние водиме политика. Сигурно, некој мисли таа треба да биде дискретна затоа што внатре имаме многу поповедници, за некои партии очигледно и непријатели.

**ЕШРЕФ АЛИУ**: (продолжение)

Нормално противниците и непријателите не би било ред да смеат да ја откријат целта. Па така занимавајќи се со сеништата на минатото некои сили со раѓањето на сеуште оваа наша кревка демократија се обидуваат на доста проблематичен, би рекол и дрзок начин да го разбудат националромантизмот и нивните мегаломански чувства на големи следбеници на тие славни епски личности и се обидуваат да го спорат и да го застанат тркалото на историјата на ова мало и мило и убаво парче земја Република Македонија. По се изгледа некој би бил задоволен тука да владее средновековие, или условно речено ропство, затоа што тврдокорните активности за држава од сите редови на еден народ, на еден јазик, на една култура сакале да сфатиме, или не во овие простори каде биле присутни други вековни култури национални колективитети од првата позиција на партиите што застапуваат македонски национален блок и сите заедно низ вековите историјата ја делеле иста судбина, или некои владееле со векови, некои помалку, некои ја делеле позицијата на обесправениот од поробениот и затоа таа позиција на никого не му дава за право да се повика да работи исклучиво на концептот на минатиот, почеток на минатиот век до половина на создавање на самонационални држави. Тоа најпримерно тој вековен стремеж да се биде ист во своја куќа со најблискиот до себе може да се илустрира со народноослободителната војна. Се бореа и гинеа еден до друг за исти цели, исти идеали. По победата над фашизмот сите да бидат слободни и рамноправни. Конкретно во Република Македонија, македонците, албанците, турците и сите граѓани на страна сите грешки, сите можни пропусти и илузии. Зарем не е човечко пред фактите да се покаже желба за корекции. Чинам да. Таа

желба во РМ секогаш била присутна. Колку и да била стеснета таа не згаснала, напротив во некои периоди зависно од гарнитурите на власт таа пламтела и давала конкретни плодови. Затоа денеска не случајно во РМ има граѓански партии, не случајно Уставот во поголемиот дел е граѓански, неслучајно чекориме кон заокружувањето на државноста затоа не случајно се определивме за Европа и тоа не случајно полека но сигурно градиме демократски процеси. Не случајно исто така светот е свртен кон нас, не случајно имаме нови пријатели, неслучајно сме признати од еден дел земји и ќе бидеме признати од ден на ден и од повеќе земји и неслучајно албанскиот политички субјект одлучно чекори напред цврст убеден дека заедно со македонските, со турците, со ромите, со власите, со србите и со сите граѓани на Република Македонија ќе ја гради својата среќа и својата иднина. Тој пат заеднички ќе го зачекориме по сигурни чинам, по безбедни, по безболно, полесно тој ветен пат успеа да го сочува мирот, прави чекори да ја поврати довербата на едните кон другите, да ја засили позицијата на земјата на внатрешен и надворешен план стекнувајќи од ден на ден симпатии и нови пријателства и нови признанија. Чекориме се по одлучно кон создавање на модерна граѓанска држава која на Балканот ќе добива се повеќе позиција на сложен, на стабилизација на регионот и пошироко Градејќи перспектива на покренувач на нови идеи и позиции на зближување и на соработка на балканските земји. Зарем тоа е малку?

Сакам да верувам дека огромниот дел на народот Македонски, Албански, Турци, Роми, Власи, Срби зошто да не, тоа го посакуваат. Најмалку посакуваат нереди, кавги, застрашувања, војна никако. Затоа треба да бидеме поактивни и пообединети кон сите деструктивни појави од кои правец и да доаѓаат. Особено загрижуваат некои заканувачки тонови и

појави од кои би ги издвоил оние што за жал ме асоцираат на ерата, на мрачната ера на фашизмот. Македонија тоа по никоја цена не смее да го дозволи. Демократијата подразбира развиено чувство за ред и одговорност, за коректен однос, чувство на почитуваше на другите, повисок степен на взаемно разбирање, подразбира културен дијалог и потреба на збогатување на знаењата, подразбира повисоко чувство за работа, за работни резултати, подразбира потреба за побогат, културен, економски и духовен живот. Никако дами и господа пратеници не подразбира анархија, обесправеност. чувство на доминација над другиот. Затоа дами и господа пратеници во Собранието очигледно е потребно да се внесе малку нов дух, нови идеи, нова свест, нова филозофија на градење на заедничката иднина, заедничка и рамноправна едни со други, не едни покрај други, збиени во редови т.е. по партии и други асоцијации со граѓанска основа и со модерна визија за успешно општество посторени врз база на идеолошка определба, а не национална, т.е. партии кои ќе обезбедат просперитет базиран на ангажманот на луѓе со докажани способности. Тоа подразбира градење на филозофијата на животот секој својата работа да ја обави коректно, педантно, одговорно. Чинам во овој правец нам би ни одговарал патот што го воделе, го минале и успесите што ги имаат скандинавските земји.

Јас сум убеден дека сето тоа ние можеме. Интелектуален, професионален, научен потенцијал Република Македонија има. Нам по се изгледа ни недостасува една целисходна сеопфатна платформа која би била фундирана врз основа на научните проверени резултати. И тоа базаментот на два плана, на економскиот и на политичкиот. Околу првиот сигурен сум ќе бидеме доста обединети. За вториот треба да се седне и смело, одлучно, сериозно, и одговорно да се договара, бидејќи Македонија

не смее да дозволи за долго време луксуз да има првостепени и второстепени граѓани, да има првостепени и второстепени национални колективитети. Одговорноста и обврската за корекција ни припаѓа на сите нас заедно. Во прв план мислам и на македонскиот политички субјект т.е. поодделно на секоја политичка партија. Ние во нашиот политички ангажман ценам сме крајно реални и коректни, се ангажираме за повраќање на оној корпус на права што припаѓаат во природните права т.е. статусот и позицијата одредена со Уставот од 1974 година. Тоа господа вие треба, убеден сум сами да почувствувате потреба, да покренете иницијативи и да водите акции конкретни овој корпус на права што побезболно и побрзо да биде реализиран. Наместо тоа за жал ние доживуваме беспоштедни критики, дури и понижувања, навреди, дисквалификации, па дури и закани. Каде води тоа? Кои се импликациите и последиците од тоа? Затоа и за сите национализми и големи држави на Балканот во друга прилика.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, и јас во врска со меѓународниот прием на РМ во асамблеата на ОН лично мислам дека на планот на меѓународното признавање сме добиле една политичка капитулација пред сите институции кои беа и се фактори за 1 нашата земја да стане членка на големото семејство во асамблеата на ОН. Не треба да ги занемаруваме нашите вечни опоненти како што го правевме досега со нивната лукава и наметлива политика успеаја да го доведат нашето врвно раководство да клекне и побара компромиси за кое нешто му оди во прилог на јужниот сосед, уште повеќе офанзивно за да делува, а нашата дефанзива, нашата попустливост не донесе до толкав степен штос ега македонскиот народ е ни на земја, ни на небо, што би се рекло се наоѓа на чардак. Ова што сега ни

се случува е нашата погрешна стратегија што ја водеше нашето раководство по мое лично размислување уште од 27 јуни 1991 година кога двете републики од тогашната СФРЈ прогласија своја самостојност, а ние немо и неподготливи чекаме да видиме што ќе се случи со другите републики на тогашните ЈУ простори. И успеавме да го избереме полошиот пат врзувајќи се со некаква платформа која не ни донесе ама баш никаква актива на планот на меѓународното признавање. И после толку време поминато сеуште на организационен план толку малку сме сториле како на пример сеуште во Македонија владее стариот иконостас,во институциите на власта од системот кој сме го "напуштиле". Сеуште имаме одредени асоцијации што се сегашната СРЈ која сама се прогласи за законски наследник на бившата СФРЈ. Нашите институции на власт каде се употребува државната униформа после толку време ги задржале истите униформи, со у^иформите на СРЈ која мене за жал ме асоцира морам да констатирам сеуште на она југословенство кое си го одигра своето последно танго, а ние упорно се држиме како пијаниот за бандерата. Јас исто така можам да констатирам, човек кој би доаѓал во бившата СФРЈ, односно Македонија кога се наоѓаше во бившата СФРЈ пред три, или четири години и сега ама буквално нема ништо да осети од промените, бидејќи функционира истиот систем, исто правосудство, исти органи на управа итн.

Господа пратеници, господата од политичката власт и од самиот политички врв се плашеше или се плаши, или пак се срами да каже дека на овие простори егзистира името Македонија не помалку од 7.500 години, а не како што истакнуваат само 50 години што е голема невистина, утопија и се пласира на светската јавност една таква невистина. Господа пратеници,

после толку многу години постоење на името Македонија некој сака да врши промена, а што е уште потрагично некој од наша страна си зема за право да прифати такви промени кои директно не туркаат во канџите на северниот сосед за кој знаеме дека никогаш нема да се откажат од аспирациите за да направат една голема држава, или голема Србија. Не сакам да речам дека е лесна и едноставна работата за прием во ОН на овие простори за да се дојде до асамблеата, но убеден сум во себе од нашата млитава политика која се водеше во изминатиот период сега ни се врака како бумеранг. Дали не ќе беше подобро господата од владејачката гарнитура, од политичкиот врв да ја посетеше Африка, да ги посетеше оние племиња кои што се во Африка, Банту племињата кои успеаја да создадат една држава и да ги примат во асамблеата на ОН.А ние ? наводно живееме во Европа, не успеавме буквално ништо. Барем да исцрпевме едно искуство од афричктие племиња како тие можеа да создадат своја држава и да бидат примени во ОН. За жал ние тоа не успеавме да го сториме. Барем можевме од нив да исцрпеме едно искуство. Слабата комуникација на нашето врвно раководство со индустриско најразвиената земја во Европа е голем пропуст, а уште поголем пропуст што некои пратеници се обидуваат да и лепат етикети од минатото. Тезата е неодржлива и неконструктивна од проста причина што голем дел наши семејства таму ја нашле нивната егзистенција повеќе од 30 години егзистираат на тие простори, а ние упорно само ги критикуваме и одиме да работиме во нивните фабрики.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:** (продолжение)

Господа пратеници, за промената на името не ме чуди ништо што излегува од устата на пратениците до левиот блок и Владата составена од коалицијата на левиот блок и ПДП-НДП и онака тие за две години успеаја од нивната партија повеќе пати да го сменуваат името, па ете си земаат за право имаат храброст да го сменат името на државата во која се нарекуваат и тие како и ние Македон ци. Сега не убедуваат оти тоа е описно име за употреба од два месеци, како да заборавија само пред три дена во очи на признавањето Грците го повлекоа потезот и нашето раководство се лизна на тенкиот мраз истрчувајќи се предвремено пред јавноста да ја споделат среќата и веселбата заедно во домовите. Како да имаат заборавено дека Данајците и кога се поразени не им верувајте.

Исто така сакам да потенцирам голем дел од пратениците кои укажуваа оти не се за промена на уставното име, но може описно, но исто му доаѓа како онаа народната "Асан бае, Асан не бае, Асан те кисанет", што би значело има промена, нема промена но ќе има описно бивша југословенска Република Македонија. Јавно ги прашувам врвните раководители и пратениците до левиот блок кои ја поддржуваат политиката на капитулација во сферата на меѓународното признавање дали по два месеци Република Македонија ќе биде запишана со уставното име или пак и понатаму ќе биде во употреба, само господ знае што господата од Владата го прифаќа терминот како бивша југословенска Република Македонија. Грчкиот став ни е јасен, не даваат согласност значи нашата Влада има дадено согласност за промена на името и сега не убедуваат оти нема да има промена му доаѓа исто како онаа народната "Мижи Асан да ти бајам" или преведено "народе вие молчете ние што ќе направиме така ќе биде".

Господа пратеници кој си зел за право мене да ме нарекува како бивш југословенски Македонец, мислам нема никој право поготово ниту Владата ниту претседателот на Републиката или никој нема право да донесе такви документи каде моето име конкретно еве за државјанство на Македонија би требало да постои бивш југословенски Македонец.

Господата од политичкиот крем на Македонија како да заборавија дека на 12 јули 1992-то лето во центарот на градот Скопје беше свикан сенароден собир токму Македонија да не го менува името и слоганот беше "Македонија име не менува". Сега за мене е неразбирливо како мисли ова раководство тој исти македонски народ да го убеди дека мора да го промени името во спротивно му се заканува војна, кошмар, социјална беда, економски колапс. Но, пред извесно време му се сервираше благосостојба, оаза на мирот итн.

Господа пратеници никој нема право ни Претседателот на државата, ни претседателот на Владата ни македонскиот Парламент ниту народот да изврши промена на името и спрема тоа мора да остане името Македонија, како што е напишано во Уставот. Овде во оваа сала бевме убедувани дека специјалниот пратеник на претседателот на Републиката во Америка господинот Васил Тупурковски наводно барал промена на името во Виена беше разрешен без да го даде неговото мислење и видување и сега каква дрскост и безобразност сакаат да ни го наметнат терминот бивша југословенска Република Македонија токму од истите кои го деградираат човекот кој не помислил, а не да разговара за промена на името.

Господине претседателе на Републиката, господине претседателе на Собранието на Македонија и господине претседателе на Владата на Република Македонија не играјте си со името на Македонија оти тоа е исто како да си играте со оган.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве да го слушнеме и господинот Таири, па ќе дадеме пауза.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, еве ќе бидам краток и ќе се потрудам да не ги повторам дискусиите што се водеа претходните денови, а и денеска, а посебно ставот на пратеничката група на ПДП-НДП околу оваа точка што ни е на дневен ред. Меѓутоа, јас ќе се задржам само на еден сегмент кој е тесно врзан за точката што е на дневен ред односно признавање на Република Македонија односно за членувањето на Република Македонија во Обединетите Нации.

Очигледно е тоа што сеуште продолжуваат тенденциите за истакнување на македонското национално битие и во работите кои имаат општо државен интерес. На тој начин тие субјекти работат на афирмирањето на еднонационалниот концепт на државата од позициите на македонскиот национален идентитет и од позицијата на православието. Само да ве потсетам дека бранот на романтизмот религиозен и национален почна со раѓањето на црквите и манастирите на врвовите на највисоките наши планини таму каде што луѓето одат на скијаше за да продолжи со афирмирањето на православието, на православната иконографија и во државните монети, како што е случајот на објавувањето на изгледот на паричната единица во Република Македонија.

Она што е чудно, не е чудно затоа што го операционализираат тоа што од неодамна е внесено во Уставот на Република Македонија за македонската православна црква, меѓутоа, чудно е и неприфатливо што дизајнерот не најде за потребно во новите парични единици на Македонија да се претстави и некој друг монумент од историска вредност од исламската религија. Такви ги има многу во Македонија некои од нив се наоѓаат дури и под заштита на УНЕСКО како вредни историски споменици кои и ја одбележуваат една наша мината епоха.

Дали ова беше превид на членовите на Советот на Народната банка на Македонија или став на актуелната политика на Македонија, останува да се види. Сметам дека тоа што се нуди не оди во прилог на зближување на народите во Македонија, напротив тоа води кон натамошен антагонизам кој најмалку ни е потребен во овие моменти.

На крајот ќе го истакнам тоа што еве се она што се случува во Македонија и околу Македонија за меѓународното признавање на истата треба Македонците да ги запаметат Албанците само по добрите намери.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме на пауза до 14,45 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,30 часот.)

(По паузата седницата продолжи во 15,30 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господин Ламбе Арнаудов

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, заради принципиелност веднаш да кажам дека јас бев против одржување седница со ваква тема , затоа што сметам дека ни Владата, ни Парламентот, ни претседателот , никој нема право да зборува за името на Македонија, бидејќи очигледно се работи овде за името на Македонија. Дури, и лично сметам дека ние немаме право ни народот да одлучува на референдум, затоа што кој ни дал нам право, на оваа генерација да одлучуваме за името во името на минатите и идните генерации. Тоа прашање требаше да го оставиме , односно не да го оставиме туку тоа е недостижно и не смеевме да раправаме, а требаше да раправаме и да се зафатиме за тие проблеми што ги имаме, четири- пет закони, односно три закони и една одлука кои овде постојано се нарекуваат како витални. Тие беа витални, подобро беше два-три дена за нив да се раправаше.

Имам една непријатна ситуација , и јас , веројатно и вие пратениците, некои смета дека тоа е среќа, а јас сметам дека тоа е тежина, истовремено да бидеш и пратеник и неутрален граѓанин и да го посматраш овој Парламент како работи. Честопати во тие размислувања доаѓам до едно сознание дека желбите и очекувањата на дел од народот, дел од бирачите, или поголем или помал, или некогаш целиот и нашата официјална политика, честопати се во расчекор. По мое лично уверување јас сум демократски определен човек и демократијата ја имам замислено како еден

силен ветер кој ќе ги растера темните и црни облаци за да се види вистинското небо. Со доаѓањето на плурализмот на овие простори на Македонија, вистина тоа се случи, но за жал се појавија повеќе неба, односно повеќе вистини. Тие вистини честопати меѓу себе беа спротивставени и една од друга оспорувани , така што за едните она што беше вистина честопати за другите беше лага и обратно,за оние што беше лага, често беше вистина. Мислам дека тоа е добро за да може секој граѓанин да види што е правата вистина, ако ретко се повторува случајно или од време навреме. Меѓутоа, кај нас тоа стана постојано, во секое време за една иста работа секогаш делуваа повеќе вистини и како што обично вистината е само недокажана лага, честопати не знаевме за што да се определиме и сметам дека тоа е погубно за младата демократија во нашата земја. Како? Еве, видете сега по ова последно прашање ние овде утврдивме дека Владата , и со Уставот тоа е загарантирано дека Владата како извршна власт ја има нејзината надворешна политика во нејзини раце, и кога овде ние на Парламентот оспоривме некои такви работи се заклучи дека Владата ја води политиката онака како што ја води, ние овде имаме Парламент , ако смета некој дека не е исправно, ние ќе ја ставиме Владата на доверба и ако се изгласа доверба на Владата може да продолжи со работа. Тука се крие она најосновното што може да ја загрози демократијата . Овде , и не само овде туку во секој Парламент, некоја пратеничка група или коалиција може да обезбеди мнозинство за Владата, но прашање е дали тоа е комплет волјата на целиот народ. Во конкретниот случај, јас сум уверен дека и членството на партиите од коалицијата, и избирачите и самите пратеници не веруваат дека промената на името на Македонија треба да биде во овој момент.

За да го избегнеме сега тоа, што треба да направиме?

Ние овде во Парламентот неколку работи не сфативме. Прво, треба да знаеме , што е основно за нас, дека не е важно кој е заслужен за победата, туку важно е кој е победник.

Второ, победникот треба да сфати дека победата не значи секогаш добивка.

И трето, сите ние заедно треба да сфатиме дека во целата наша борба главен победник секогаш треба да е народот, тој скапоцен влог во кој секогаш се колнеме. Затоа, треба да поведеме сметка, народот секогаш да биде победник, а народот може да биде победник само преку демократски изразена волја на сите нив. Инаку, во спротивно , ако се случи ова што претпоставуваме дека ќе се случи со гласање доверба на Владата, може да дојде до една појава позната во демократијата, каде што народот е поразен од своите избрани.

Што мене ми пречи како граѓанин името "бивша Југословенска Република Македонија"? Четириесет години, барем јас според својот живот, четириесет години бев бивши југословенски македонец. Потоа, благодарение на овој Парламент , благодарение на сите историски настани што претходеа да дојдеме до една завршница, каде што можеме да се избориме за самостојна суверена Македонија, две години среќно го уживав правото да бидам Македонец, она што сите го посакуваме и верувам дека и сите тоа го сакаат. Меѓутоа, сега повторно треба да бидам бивши југословенски Македонец. Замислете сега, сега јас сум бивши југословенски

Македонец. А, што сум сега? Не знам, ова не ми е поимливо ни редакторски ни граматички, сега сум бивши југословенски Македонец. Видете, ние сега немаме издиференцирано што сме сега. А кога немаш строго издиференцирана сегашност имаш далеку понеизвесна иднина.

Втора работа која исто така ми пречи е тоа што овде ќе морам малку да се оддалечам од темата, да ги замолам сите претставници и во Парламентот и целата македонска јавност кои не се Македонци. Јас искрено да ви кажам секогаш сум за почитување како демократ на правата на сите луѓе што живеат на овие простори и Македонија ја почитувам, многу повеќе ја сакам ваква каква што е со мешан народ, затоа што како што рекол некој турски поет замислете градина од само еден цвет. Вака е многу поубаво и така се чувствувам јас. Исто така, не заради тоа што господинот Исмет Рамадани повика овде, туку од лично свое убедување јас се оградувам од вчерашните настани кои се случија овде во Парламентот, затоа што со изјавата на тие пратеници бев навреден и јас и мојата татковина. Да навредиш една држава и еден народ кој е сличен и по бројност на луѓе и по степен на развиеност, да го навредиш него, тоа е исто како да си го навредил и својот народ. Лично сметам дека не е потребно ниеден народ да се навредува во светот , затоа што и еден човек да страда на светот, страда дел од нас, ние сме припадници на човештвото и страда како дел од мене. Затоа, ќе молам да ме сфатите правилно. Нема голем народ и мал народ. Има само големи луѓе и мали луѓе. Јас сум пресреќен што овој Парламент е составен од големи луѓе, не тргна вчера по патот на малите луѓе кои се расправале.

Сега, што е значајно, да ме сфатите право. Ние Македонците со ова име се наоѓаме во една двократна негативна конотација, за разлика од другите националности кои живеат на овие простори. Ние сме загрозени и државно и национално. Ве молам само правилно да ме сфатите. Македонецот е загрозен и државно и како Македонец, а додека во овие простори Албанецот, Турчинот, Влавот, Ромот, тој не може ни бивши ни сегашни ни иден , тој секогаш си е Албанец, тој секогаш си е Турчин, секогаш си е Влав, секогаш си е Ром и мислам дека тоа никој не може да му го оспори, додека нам со оваа формула ни се оспорува. Јас ве молам, луѓето кои не се од македонска националност, да ни помогнат во оваа ситуација Вие пратениците често знаете овде да кажете дека Албанците и Турците заедно со Македонците се бореле за да се изборат за овие права. Јас тоа не го негирам и среќа што е така. Меѓутоа, немојте да заборавите дека при создавањето на државноста на Албанија и Македонци учествувале рамо до рамо заедно со Албанците за да се создаде и Албанија, а потоа и во ослободителната борба во Албанија исто така учествувале Македонци.

Трета работа која може да ни се случи со ова име е многу тешка. Јас не би сакал да помислам и јас верувам во овие снаги кои сега се демократски ориентирани, меѓутоа, поучен од минатото многу сум загрижен. Ако се случи ова име да остане ни посакувам ни верувам дека може да остане, меѓутоа, трошоците што ги прави Грција и напорите , како некој кажа овде со милијарди долари, на сите нам ни е јасно дека тоа не е само за два месеци. Самото име, што инсистираат на бивша, ако не беше значајно, нема толку многу да добиеше на значење . Затоа, сметам ако остане тоа име, нашите луѓе, Македонците се многу, како што кажаа и

другите дискутанти, веќе се определени, национални свесни до крај и тие се Македонци, особено младите луѓе. Ако случајно ова име остане, јас повторно се оградувам и верувам во демократските сили ќе се сконцентрираат сили на власта, тие што ќе го правдаат тоа име. Постојано ќе има отпор од оние луѓе кои нема да го прифаќаат тоа име. Иднината ќе биде не така добра за Македонија, затоа што често ќе имаме спротивставени мислења во однос на националното прашање од самите Македонци меѓу себе.

Понатаму, што сакам да кажам? Овде беше изнесено дека многу е значајно што ние , еве рековте погледајте која држава во ООН е примена без војна и тоа е за поздравување. Јас и понатаму го ценам тоа и секаде ќе го поздравувам. Меѓутоа, морам да ви кажам, јас мислам дека Македонија има најмногу крв, жртви и страдања дадено за да дојде до позицијата. Не сме ние од прогласувањето на 17 јануари на Декларацијата или Референдумот и Уставот дојдени до оваа позиција да влеземе ние во ООН. Ние почнавме иако ООН тогаш не постоеа како институција, нашата афирмација со векови трае и историјата, господа пратеници, е создадена од настани и последици. Се менува, настани последици, последици-настани, настани- последици и така. Ние сме имале премногу крвави настани во кои сме учествувале , во последиците секогаш сме губеле, па потоа нови настани, па повторно сме учествувале , пак сме давале жртви и затоа сме дојдени до оваа сега среќна околност и јас сум уверен дека ние ќе влеземе во ООН. Ќе влеземе ние во ООН со своите македонски вредности што ги имаме, хуманоста, културата и традицијата и немој да ве плаши ако малку почекаме. И тоа ни било нам одлика трпеливоста. Ние ќе

влеземе во ООН и ќе бидеме признаени и тоа под името Република Македонија, она што ни е вековно.

Овде се зборуваше , ако дојде признавањето дека ќе дојдат подобри денови во областа на економијата. Согласен сум со тоа. Меѓутоа, ако продолжиме ние вака да работиме како што работиме во овие услови внатре, немојте да очекувате дека многу порано ќе дојде до тоа. Дури, во вакви услови не знам дали ќе се најде земја која ќе дозволи да даде финансиска помош. Затоа што финансиската помош ние ќе речеме многу мал народ сме, па финансиска помош за нас не е голема работа, ќе се најде. Ние сме мал народ навистина, но тој мал народ и мало производство има и сразмерно на финансиската помош на народот, таа е сепак голема и никој нема да ја даде таа финансиска помош ако нема профит. Познато е дека меѓу државите нема пријатели и нема љубов, има само интерес. Затоа, мислам дека премногу е да се очекува таква помош, а сигурно дека ќе има и одредени околности кои ќе бидат олеснителни за натамошниот живот во нашава земја.

Една работа сакам да ви ја кажам во однос на ова "бивша југословенска Република Македонија". Ако не е толку значајно , господата од Шпанија, Англија и Франција како кумови наши, ние знаеме дека сега малку ќе изгледа несериозен овој предлог, кумови давале имиња по дедовци итн. Зошто таа господа не не крсти нас бивша територија на турската империја Македонија, па да видите тогаш Грција ќе потрча да не признае како Република Македонија, под тоа име што ние го предлагаме.

Затоа, ве молам ние гордо и достоинствено да опстанеме на ова име што го имаме, вековно име, под името да бидеме примени и во ООН и меѓународно признаени, под вековното име Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Трајковски.

(не е тука)

Има збор господинот Марин Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, егзистенцијалната важност на прашањето за меѓународно признаваше на Република Македонија инсистира на преден план да се постави и детално да се анализираат сите аспекти на македонското прашање. Ова е дотолку важно, до колку се земат предвид присутните блокади и евентуалната негова пренасоченост од страна на членките на Европската Заедница и Советот за безбедност. Составен дел на посочената анализа треба да ја опфати вкупноста на внатрешните и надворешните фактори што ја детерминира нашата меѓународна позиција, а со самото тоа ги нудат и појдовните точки на нашата сегашна и идна оперативност. Тука секако треба да се елаборира и историското минато на сите негови аспекти врз денешнинава. Евентуалното отстапување од вака утврдениот приод во својата основа носи опасност од симплифицирање на понудените излезни решенија, односно сведување на целиот проблем на едноставно натегање со нашиот јужен сосед околу приоритетот и екслузивноста во официјалната номинација на нашата Република.

Општо прифатената теза дека надворешната политика на една држава резултира од вкупноста на внатрешната состојба, во случајот со Република Македонија, не може да претставува исклучок. Нашата недоволна екипираност со материјални, пред се финансиски, духовни и човечки ресурси, силните внатрешни верски фрустрации, во чија основа се

наоѓа пред се егзистенцијалната загрозеност на најбројниот национ, нестабилноста на политичкиот како и незаокруженоста на економскиот систем, примамливоста на можноста од дефинитивно решавање на албанското наспроти македонското прашање, изрично ја детерминира и сеуште ја детерминираат ефикасноста и еластичноста во дејствувањето на македонската дипломатија.

Неодминлив, но и сосема разбирлив дел на ова прашање претставува и нагласената еклативност кон прашањето за изградената вековна нерелативност меѓу територијалната и националната номинација.

Во вкупноста на сите овие елементи, а што директно влијаат врз правците и можните моментални и привремени излезни решенија, секако дека се наоѓаат и неизбришаните спомени за целовитоста и компактноста на македонската територија во рамките на Отоманската империја, присутната,но општо, инстинктивност на сите народи за обезбедуваше на крајбрежје, што само го зголемува степенот на и онака присутната балканска взаемна недоверба.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Комплексот на сите овие би рекол објективни и природно егзистирачки елементи пропратено со вештачки создадената и пренадуена атмосфера на внатрешна недоверба, а со самото и тоа и неможност од воспоставување на општ граѓански консензус, за жал предизвикуваат опасност од импотентност во водењето на надворешната политика и со самото тоа и целосно насочување на проблемот за меѓународното признавање на Република Македонија во правец што одговара на интересите на членките на поблиското и подалечното опкружување.

Деталното разглобување и анализа на сите овие елементи несомнено како приоритетна задача за нашава држава је наметнува потребата од обезбедување на меѓународно признат и верифициран субјективитет со чија помош би ја заокружиле изградбата на еден од најзначајните државно правни сегменти. Исто времено и би ја продолжиле борбата за воспоставување на име што би ги одразубало македонските национални интереси како и интересите на сите граѓани на Република Македонија. Обезбедувањето на членството во Организацијата на обединетите нации паралелно со ова би отворило и можност за создавање на економски предуслови како најважен стратешки сегмент во продолжувањето на досегашната макотрпна дипломатска борба.

Почитувани пратеници, моменталната состојба со непризнавањето ако и наметната блокада доведува до забавување на искористувањето на ресурсите, натамошното осиромашување и создавање на нерешливи социјални немири. Не реализираните суфицитарни земјоделски производи како на пример пет-шестотини иљади јагниња, иљадници тони градинарски и рано градинарски производи, лозаро овоштарски производи големи залихи на тутун преку кој со извозот се обезбедуваат девизни средства за

увоз на дефицитарните производи ќе ја наруши и онака оскудната егзистенција на граѓаните на нашата Република, а да не ја елаборирам состојбата во другите гранки во стопанството во нашата Република.

Затоа, следејќи ги напорите за меѓународно признавање на Република Македонија, што ги прави претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија за кое ги задолжува и Уставот на Република Македонија им давам целосна без резервна поддршка

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, чувствувам потреба да го изнесам моето мислење и мојот став она што денеска го дискутираме, односно неколку недели ми се чини ја преокупира целата македонска јавност. На самиот почеток не можам, а да не консултирам, дека повторно со жалење сме сведоци на фактот дека она што ВМРО-ДПМНЕ како партија или пратеничка група го имаше овде на оваа говорница многу пати досега соопштувано преку изјавите на различни пратеници или преку голем број на наши прес конференции за една промашена политика во поглед на надворешната политика на Република Македонија денеска ја гледаме во својата завршна фаза затоа што сето она што го зборувавме дека политиката која се води на меѓународен план е промашена политика, без идејна политика, без визии и дека ќе ја доведе Македонија во тотален ќор сокак денеска еве можеме да ја видиме сите ние со она што го чувме од завчера, а тоа е дека Македонија веќе и формално има дадено и согласност за прием на Република Македонија под привремено име бивша југословенска Република Македонија во Обединетите нации. Сигурно тоа е најдобриот начин да ја потврдиме уште еднаш исправноста на нашите ставови, борбата и залагањата за излегување на една вистина која за жал досега практично

секојдневно беше критикувано скоро од сите средства за јавно информирање, многу пати беше критикувана и од овој парламент, меѓутоа пак ќе кажам, жал ми е што една таква политика повторно ја гледаме во една завршница, за жал во момент кога ми се чини многу работи се предоцна да се сторат.

Кога станува збор за ова прашање мојата денешна дискусија ќе ја водам на две нивоа. Прво нивото на манипулацијата која се појави со македонската јавност со политичките структури, политичките партии и пратениците во македонскиот парламент, тоа е првото ниво на кое ќе дискутирам денеска и,

Второто ниво, тоа е нивото на реалната политика која ја доведе Република Македонија во една ваква ситуација и она што можеме да го очекуваме после она каде што денеска се наоѓаме.

Кое е прво,нивото на манипулација? Нивото на манипулација сигурно не треба да бидеме многу логични, не треба да бидеме многу свесни граѓани, не требаше премногу да ги следиме средствата за јавно информирање и се она што се случуваше во оваа година и половина наназад во оваа македонска држава и навистина да кажеме односно да го потврдиме фактот дека очигледно во Македонија се уште живееме во една орвеловска држава, се уште живееме во една тоталитарна држава во која ако не друго начинот на кој се пласираат информациите, начинот на кој ги добиваме информациите не само од средствата за јавно информирање, туку пред се од државни органи, од државната структура, од Владата на Република Македонија на најдобар начин ја осведочуваат нашата реалност.

Прво ќе се задржам на она што можеби е најактуелно, во последниов месец сите ние бевме сведоци дека се случува една битка за приемот на

Република Македонија за приемот во Обединетите нации. Цел месец, можеби и повеќе од месец ние секојдневно се наслушавме информации кои доаѓаат од известувачите од Атина кои ни кажуваат дека во Атина има ваква и ваква информација, грчката Влада изјави тоа и тоа и во Грчкиот парламент се случи тоа и тоа. И, повремено од странски средства за јавно информирање добивавме дополнителни информации. За сето тоа време македонската Влада не се јави со ниту една информација за македонските граѓани да ги извести што се случува со водењето на таа надворешна политика до каде е дојдено тоа меѓународно признавање на Република Македонија, што е ново, што е старо, какви се бараат промени. Едноставно имаше еден молк, тотален молк кој беше прекинат завчера со обраќањето на претседателот на Република Македонија до македонските граѓани и другиот ден со излагањето на премиерот Бранко Црвенковски пред македонскиот парламент. Значи, повеќе од еден месец потполна блокада на сите можни информации, едно конзервирање на македонската држава во поглед на она што се поставува суштинско прашање во овој момент, а тоа е промената на името на Република Македонија. Тоа е првата манипулација.

Ни една држава во светот, јас ве уверувам, нема да си дозволи толкава блокада према сопствената јавност за вакво суштинско прашање по целата нација, по целата држава, за сите граѓани во Република Македонија. Едноставно ние кон грците можеме да се однесуваме како сакаме и можеме да ги напаѓаме на секој начин како што сакаме, меѓутоа бевме сведоци дека грчката влада сопствените граѓани, сопствената јавност ги известуваше за секое добиено или испратено писмо, за секој чекор лево или десно и едноставно немаше ден да не се слушне некаква информација што се случува, како се води меѓународна политика. Ние овде ќе речам, за сето тоа време имавме само информации

кои ги добивавме од дописникот од Атина. Тоа е првиот момент.

Вториот момент кога зборувам за манипулацијата не можам да не го посочам фактот дека таа манипулација ни се случува повеќе од една година, да не ги спомнувам веќе моментите, меѓутоа треба овде да се постави прашањето токму кога зборуваме денеска токму ова прашање, што се случи со она што нас не убедуваше македонската Влада оваа година и половина station наназад или македонските средства за јавно информираше. Па нели ние чекавме секој ден да бидеме признаени, нели чекавме секој ден да бидеме примени во членство на ОН. Се изнесло триесет дати кога треба да бидеме примени, нели не убедуваа дека цел свет е воодушевен од нашата политика, дека цел свет се воодушевува на Македонија и има симпатии кон Македонија. Значи денеска сфаќаме дека од сите тие приказни немало ништо. Напротив дека позицијата и политиката на другата страна на нашите противници била многу по прифатена од нашата политика, успеале да влезат многу подлабоко во тие средства за информирање и успеале светското јавно мислење да го свртат на нивна страна. Тоа е наш пораст и тоа е првиот пораст кој мораме да го признаеме, сите ние во Република Македонија.

Втората работа кога станува збор за манипулацијата не можам а да не се задржам на она што се нарекува една директна пресија на кој бевме сведоци на последните, интензивно во последните десет дена пред да биде објавена не и од одлуката дека Република Македонија има прифатено името бивша југословенска Република Македонија, преси- јата која ја правеа државните средства за информирање на целата македонска јавност со цел да ја убедат македонската јавност дека треба да го прифатат името бивша југословенска Република Македонија. За жал уште еднаш се

потврдува дека во Македонија нема независни средства за јавни информирања, нема опозициони средства за јавно информирање и ми се чини дека најкарактеристичен беше демонстрација- та што ја направи форумот за слобода и за демократија кога рече ние не штрајкуваме за ништо друго, штрајкуваме само затоа што нема- ме информации. И, тоа можеби е правиот момент за кој можеме денеска и да разговараме кој многу пати го одбегнуваме, дека од блокадата на информациите внатре во Македонија можеме сите ние да изгубиме. Дека е така најдобро покажува овој случај.

За жал повторно бевме сведоци на еден стар режимски однос кога претседателот на Република Македонија ги повика највисоките раководители на МРТ и главните уредници и на еден дритинг, политички дритинг во стариот стил им кажал дека треба да ја подготвуваат македонската јавност во наредните денови да го прифатат името бивша југословенска Република Македонија. На тоа ние бевме сведоци вб пос- ледните 10 дена кога весникот "Нова Македонија" објави 10 -тина натписи како треба да го прифатиме тоа има македонската телевизија не подготвуваше со специјални коментари и почна една широка расправа околу тоа дека треба да бидеме конструктивни, дека треба да бидеме оперативни и да го прифатиме тоа име бивша југословенска Република Македонија.

Исто така во таа пропаганда се вклучија и директорите на поголемите фирми во Република Македонија кои истата таа пропаганда ја ширеа дека еве или сакате да јадете трева и корени или морате да го прифатите името бивша југословенска Република Македонија. Значи класична пропаганда, која ја знаеме со децении наназад како се случува во Македонија, И, оттука сакам само на новинарите да им поставам едно прашање кое досега

многупати сум го поставувал.

Ние бевме напаѓани дека ако сме победеле во Република Македонија ќе сме направеле тортура односно ќе сме направеле тоталитарен систем од средствата за јавно информирање. Јас ќе му го поставам прашањето на секој оној кој сака да биде денеска независен новина во Република Македонија. Има ли поголема тортура кој може некој да ви ја направи освен да ве викне и да ви каже пишувајте дека Македонија треба да го прифати името бивша југословенска Република Македонија. Јас ве уверувам, размислете сами дека поголема тортура, поголем тоталитаризам од тоа некој да ве тера да зборувате против она што го имаат сопствено, ,а тоа е името на државата не можете да најдете ни- каде. И оттука уште еднаш ќе инсистирам дека во вој момент проблемот во Македонија е проблемот на блокада на информации, блокада на вистински известувања, блокада на вистински коментари, а од друга страна едно режимско информирање кое гледаме дека до ден денеска е само во служба на владејачката коалиција и на владејачките партии.

Кога зборуваме за таа манипулација ми се чини дека примерите се безбројни, да го потенцираме оној момент пред три месеци кога пред овој парламент, ден пред седницата на македонскиот парламент бевме известени дека треба да го прифатиме името Република Македонија-Скопје. И сите вие и целата македонска јавност од оваа говорница бевте убедувани дека неколку месеци претходно во овој парламент не сте донеле декларација која ја негира тотално Лисабон- ската декларација, туку ве убедуваа сите вас дека сте донеле само декларација која се однесувала на зборот Македонија. Тогаш сите ве убедуваа односно државното раководство, целата македонска јавност ја убедуваше дека треба да го прифатиме името Република Македонија - Скопје.

Денеска повторно ни се случува истото каде што два дена пред седницата на македонскиот парламент односно вечерта пред македонскиот парламент претседателот на Република Македонија ја известува македонската јавност дека е прифатено името бивша југословенска Република Македонија и сите ние денеска разговараме за прашањето да или не. Меѓутоа , кога зборуваме за таа манипулација не можеме да не го поставиме прашањето, што е со сите тие изјави кои истиот тој претседател истите тие државни раководители најмалку педесетина ги имаат дадено за македонските средства за јавно информирање во последната година ипол и истите ја протежираат таа политика. Вие, ако сега седнете да ги анализирате сите тие изјави ќе видите дека претседателот на Републиката господин Глигоров најмалку педесетина пати дека не, во никој случај ние нема да го менуваме името на Република Македонија. Ни се противиме на ова, ние се противиме на она и напротив ние бевме сведоци на два карактеристични случаи, многу карактеристични случаи еден политички и еден чисто, да речам, новинарски.

Кој е политичкиот? Тој беше спомнат неколку пати. Пред една година и неколку месеци кога господинот Топурковски на кои јас многу пати сум го оспорувал неговото водење на југословенска политика, меѓутоа кога станува збор за овој проблем не може да се потенцира еден факт дека тој човек пред година и неколку месеци кажа дека Македонија треба да размислува за компромис , во Македонија се поведе политичка хајка и политички линч. И тој човек едноставно беше отстрелан од политичкиот живот ан Република Македонија. Тоа е така. Се поставува прашањето, што сега?

Исто така кој е вториот пример. Кога еден новина на "Вечер ми се чини тоа беше Горан Михајловски во истото тоа време се обиде во весникот

"Вечер" да напише еден коментар дека Македонија исто така треба да размислува за компромис, беше повикан од највисоките државни структури каде што му беше соопштено дека тоа е голем непријателски акт против Македонија, а во самиот весник падна во немилост. Сега се поставува прашањето на моралот. Пред тие луѓе кои имале визија да кажат нешто пред една година и половина. Се поставува сега повторно прашањето ан таа хипокризија, бидејќи нема друг збор освен хипокризија кој може да се употреби.

Велиме сега дека проблемот на приемот на Република Македонија во ОН е формален проблем, е техничко прашање, е прашање само од привремен карактер, па тогаш господо да го поставиме прашањето што правевме ние во оваа година и половина. Што правевме ако тоа прашање било техничко прашање. Јас колку што се сеќавам Грција кога го оспори првиот пат името на Република Македонија кои може веднаш да ги прифати. Тоа беше името славо Македонија, името нова Македонија и името бивша југословенска Република Македонија. Значи, се поставува прашањето зошто ние се малтретираме една година и неколку месеци, зошто целиот македонски народ беше малтретиран и што правевме всушност за таа година и неколку месеци кога истото тоа име можевме да го добиеме веднаш после 15 јануари бивша југословенска Република Македонија и да се бориме за тоа име. Тоа е она што мене најмногу ме боли во ова ситуација, што е еден пораст, еден чист катастрофален пораст. Незнам господинот Коле Чашуле во Пулс вчерашен пишува дека тоа не е пораст туку капитулација, можеби е престрог зборот, меѓутоа може и така да се нарече една капитулација за политиката која е водена една година и половина сакаме да ја претвориме во триумфален успех. Тоа е она хипокризија што сметам дека мене најмногу ми пречи во целата оваа ситуација, а сметам дека му пречи на секој македонски граѓанин кој сака да

биде малку од малку логичен и кој малку од малку ја следел политиката во Република Македонија во оваа година и неколку месеци. Тоа е проблемот што од сите нас секој сака да направи малоумни дечиња кои не разбираат ништо. Проблемот е во тоа што во Македонија има и возрасни луѓе кои сепак ако не сакаат ништо друго сакаат вистинска информација и сакаат соочување со вистината. И која е сега последната хипокризија во целата та ситуација. Се излегува овде пред нас и не убедуваат дека ако е дадена согласност, тоа сепак ене е согласност , сепак тоа не е промена на името, Е, па, што е тоа ако не е промена на името. Кога ќе видиш ти во Собранието Обединетите нации табличка со името пред македонскиот претставник бивша југословенска република Македонија. Што е тоа ако не е промена на името на Република1 Македонија, кога ќе ти стигне одредено писмо или декларација или било каква дипломатска нота од членките на Европската заедница на адреса бивша југословенска Република Македонија. И, сега сите ние се убедуваме дека не, не е тоа промена на името на една Република Македонија. И сега дури и сакаме да ја убедиме македонската јавност дека тоа е само техничко прашање, а не е никаква промена на името на Република Македонија.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Повторна манипулација. Не убедувате овде дека тоа било за внатрешна употреба во ОН. А господа кое од тие имиња таму што ги има државата не е само за внатрешна употреба во ОН. Сите тие имиња се употребуваат внатре во ОН. Вам надвор пред паркингот, пред зградата на ОН можат да ве викаат како што сакаат. Тоа е внатрешно и надворешно ословување. Меѓутоа, надвор ако некој ви рече дека сте Република Македонија, тоа никому ништо нема да му значи. Незнам од каде сега произлегуваа таа потреба за игра и убедување дека не е ништо тоа, бидејќи е само за внатре. Јас ви велам дека сите обраќања се само внатре за ОН. Кога ќе седнете во Собранието  кога ќе ви врачат некое писмо, кога ќе ви врачат некој документ, кога ќе врачат на државата, тоа е таа манипулација ft зашто има потреба од игра. Тоа е она што сакам да го потенцирам во овој момент што цело време македонското државно раководство целата таа политика ја работеше зад грбот на македонските граѓани зад грбот на политичките партии во македонскиот парламент и едноставно не доведе до еден раб и сега ни го поставува прашањето бирајте: или војна или прием под бивша југословенска Република Македонија. Тоа е она што најмногу ми речи во оваа ситуација. Немање на храброст и немање на достоинство од страна на македонски државни раководители. Ако не друго, на крајот, да излезат на македонските граѓани да им кажат, ние водевме таква политика, не успеавме да ја завршиме до крај, го направивме тој чекор, сакаме да ве известиме. Меѓутоа, тоа до ден денеска го нема. До ден денеска слушаме некои приказни, до ден денеска слушаме некои лаги, така ќе било онака ќе било. Тоа е она што боли во целата оваа ситуација, хипокризијата на која сме сведоци повеќе од една година и половина во оваа македонска држава.

И конечно, на крајот, навистина, мене не ми беше јасно и последното обраќање на претседателот на Републиката кога излезе пред македонската јавност со зборовите односно со контекстот, народе вечерва чекајте, се наоѓаме пред историски чин, вечерва ќе бидеме признаени, а тоа признавање еве гледаме два дена, повторно не испадна ништо. Сега, навистина не ми е јасно што беше целта на тоа обраќање. Дали тоа беше потребата од уште една манипулација или навистина недостаток на правилни информации и затоа и овој случај ќе го спомнам и во вториот дел на реалната политика.

За тоа уште еднаш инсистирам. до сите пратеници, до целата македонска јавност, она што е можеби најболно во целата оваа ситуација е проблемот на тоталната блокада на информации за сите македонски граѓани, проблемот на убедувањето на државните средства, на целата македонска јавност дека треба прифатат едно вакво име и од друга страна немање на едно ниво на достоинство, на ниво на чесност, на оние што ја водеа таа државна политика да излезат пред македонските граѓани и ако треба и да го признаат тој пораз. Јас ве уверувам дека секој граѓанин ќе ве разбере многу подобро вака, освен на овој начин, да не лажете нас да ни кажувате приказни дека па тоа не е промена на името Република Македонија или од типот, дури и бевме сведоци денеска, оној кој ќе спомне дека е тоа промена, дури тој се напаѓа. Хипокризијата оди до таму што оној кој ќе спомне дека се зборува' за промена на името на Република Македонија, веднаш излегува некој од левите партии и му објаснува, па кој зборува за промена на името. Никој не зборува за промена на името. Е, тоа е таа хипокризија, која што ме боли и морам да ја кажам и сметам еднаш во Македонија треба да се раскине со таа манипулација со македонската јавност. Еднаш засекогаш. Тоа е првото ниво што сакав да го посочам.

Второто ниво, тоа е нивото на реалната политика. Ние денеска сме соочени, реалната политика што ја има доведено Македонија до ова прашање кое што денеска ни го поставувате или ќе изберете бивша југословенска Република Македонија или земете си ја одговорноста. Или ќе изберете бивша југословенска Република Македонија или ќе имате војна. Или ќе се согласите со името бивша југословенска Република Македонија или ќе јадете трева и корени. Меѓутоа, кога денеска Владата на Република Македонија и државните претставници ни го поставуваат изборот од оваа алтернатива, не можам во овој момент многу кратко само да посочам некои елементи кои што многу пати се истакнувани овде во македонскиот парламент, а се истакнувани и во македонската јавност од страна на опозицијата. Кој е тој што ја доведе Македонија во оваа ситуација да ни го постават ова прашање, или, или? Кој е тој: што ја раководеше македонската држава. Кој е е тој што ја водеше и ја имаше узурпирано целокупната надворешна политика во Република Македонија и што денеска ни ги нуди овие резултати за избор. Во таа ситуација не можам и овој пат да го потенцирам моментот што беше начнат неколку пати овде дека целата македонска политика до овој политика или до пред еден месец беше водена и узурпирана само од две личности во Републиката, тоа е претседателот на Република Македонија и неговиот министер за надворешни работи. Нормално, тоа не ги ослободува од одговорност и функционерите на Владата што дозволиле да биде узурпирана таквата надворешна политика. Меѓутоа, тоа е нивни проблем, внатрешен кога ќе седнат ќе си го расправат проблемот, узурпацијата.

Господинот Црвенковски како премиер овде во своето излагање ни кажа дека во моментот кога грците чуле дека Македонија сака да стане самостојна држава го ставиле својот целокупен политички, финансиски, лобистички, пропаганден, материјал во акција. Јас го поставувам

прашањето зошто Македонија кога виде дека Грција го стави целиот свој таков активен апарат во пропаганда, зошто Македонија не го стави целокупниот свој потенцијал и политички и пропаганден и финансиски во она што се нарекува меѓународно признавање на Република Македонија. Зошто Република Македонија и државното раководство на Република Македонија си дозволи грчката политика да се однесува и да се прикажува пред светската јавност дека на неа и е поважно како ќе се вика Република Македонија, отколку што нашата политика покажуваше колку е во интерес да се вика нашата Република Македонија, Република Македонија.

Господинор Црвенковски зборува дека го спомна тој момент дека грците го ставиле тој потенцијал, а јас ќе ви речам само едно доволно ќе беше Владата на Република Македонија и државното раководство на Република Македонија 10% од енергијата што ја употреби за рушење на партијата ВМРО-ДПМНЕ, да ги стави во меѓународната политика на Република Македонија, денеска ние ќе имавме друга надворешна политика. Парадоксот на тоа ставање на политиката во акција за меѓународна политика оди до таму што партијата на власт не се сврте ни кој сопствените кадри кои што со децении наназад, да речеме, биле амбасадори по разни европски и светски држави, ги стави настрана, и повторно, се со цел таа политика, надворешна политика да биде узурпирана од две личности. И денеска доаѓаме до позицијата, кога истата таа власт нам ни го поставува прашањето, еве ви го тој избор или војна и глад во Република Македонија. Тоа е она, што повторно ме боли и што повторно можам да го сврзам реалната политика со хипокризијата што владее во Република Македонија.

Јас само кратко како што даде премиерот историски преглед, јас ќе дадам историски преглед на промашувањата. Зошто?

25 јуни 1991 година Словенија и Хрватска прогласија независност и побара меѓународно признавање. Македонскиот парламент го одби истото тоа да го направи во Македонија. 15 јануари Словенија и Хрватска беа признаени. Ние сеуште срамежливо овде шепотевме, дали сакаме меѓународно признавање или не сакаме меѓународно признавањ1р, зборувајќи сеуште за платформата Глигоров Изетбеговиќ. 15 јуни беше донесена Лисабонската декларација. Повторно овде се става лисабонската декларација. Меѓутоа повторно го поставување овде вистинското прашање зошто е донесена таа Лисабонска декларација и кој е одговорниот што беше донесена таа лисабонска декларација, воопшто. И што правевме ние во тој ,период од 15 јануари до 15 јуни, до денот на донесувањето на таа лисабонска декларација.

Кога зборуваме за таа реална политика, сигурно уште еднаш треба да се спомне примерот на внатрешното заокружување на македонската државност кое го избегнувавме цело време и до ден денеска го одбегнуваме, менувањето на симболите како што беше фактот дека Македонија беше последна држава во Европа што го смени комунистичкото знаме и без број проблеми и фактори од внатрешниот живот кој што прават една држава да биде држава. Сето тоа ние го блокиравме и водевме некоја политика која што прв пат нас не изненади пред три или четири месеци, не се сеќавам до точно на датумот, кога во овој Парламент нам ни се стави алтернативата Република Македонија во заграда Скопје или војна и глад во Република Македонија. Повторно, овде човек не знае да зборува што е поважно, манипулацијата или реалната политика која што сите нас не доведе да се изјаснуваме за нешто што тој истиот ден веќе беше разговарано на конференцијата во Единбург, затоа што веќе некој имаше дадено согласност за Република Македонија (Скопје), за да другиот ден да знаеме дека џабе што ние разговаравме, дали прифаќаме или не

прифаќаме во Македонија дека Европската заедница нас веќе не има одбиено со тоа име. Меѓутоа тоа беше сигурно првиот момент од кога па до денеска, можам да кажам дека Република Македонија почна да разговара за компромисот кон другиот компромис, кој денеска го гледаме како резултат во Република Македонија.

Понатаму, доаѓаме до името бивша југословенска Република Македонија. Јас со жалење можам да констатирам дека човек сега не може да заклучи ништо друго,'имајќи ги предвид неколкуте факти на кои 6'евме сведоци во последно време дека очигледно, за жал, македонската надворешна политика повеќе од 3 до 4 месеци воопшто не е разговарано на меѓународен план како да биде примена Македонија под нејзиното уставно име Република Македонија, туку разговара кое да ,биде тоа компромисно име и разни модалитети на тоа компромисно име, разни модалитети и варијанти на тоа ново име. Кои ни се сведоштвата? Фактот дека веќе сме примени под тоа име во меѓународната банка, односно дека е дадена согласност од наша страна, фактот дека сме дале согласност за прием во Европската банка под истото име, фактот дека сините шлемови во Република Македонија овде се под истото тоа име бивша југословенска Република Македонија. Тоа е исто така она што се однесува на водење на една реална политика, дека ние веќе неколку месеци воопшто не разговараме за името Република Македонија или ја убедуваме светската јавност за името Република Македонија. Тука единствено за што разговараме се разните модалитети на името дали ќе биде бивша, дали ќе биде поранешна, ^али ќе биде екс или ќе биде провизорно. Тоа е она за што ние разговараме последните неколку месеци, капитулирајќи токму тој збор може да се употреби, капитулирајќи на борбата за името, за уставното име, а тоа е Република Македонија.

Тоа е чисто она што се нарекува техничко прашање и она што се нарекува начин на водеше на политика, способност на водење,на политика, што' јас можам да го окфалификувам не сакам да давам други квалификации, дали е тоа со свесна или со несвесна \ намера. Меѓутоа, гледаме дека начинот на кој што се води и резултатите што ги имаат постигнато се јасни. А тоа е потполн пораз на македонската политика. До каде оди тој пораз?. Пред малку го спомнав примерот на излагањето на обраќањето на претседателот . на државата пред македонската јавност, кога ја предупреди македонската нација, македонскиот народ и македонските граѓани, вечерва да чека меѓународно признаваше, односно прием во ОН. За да другиот ден сите ние бевме сведоци дека претседателот на Републиката доби еден шамар кој што во,дипломатијата тешко се доживува. Да излезеш на народот народе да му кажеш,чекајте вечерва прием во Советот за безбедност, и за да утре сите ние, макар и под тоа име, макар и под име што значи капитулација на целата политика, за да утре сите ние да знаеме дека и од тоа обраќање и од тоа провизорно име ништо нема со приемот. Тоа не го спомнувам во примерот на идеолошката компонента, на името како име. Го спомнувам во прилог на она што се нарекува неспособно водење на надворешната политика, која што отиде до таму, на претседателот на Републиката да му даде погрешна информација, да се истрча пред македонската јавност и да добие шамар. Тоа е гаф кој ретко му се случува на било кој политичар од таков ранг, посебно не на претседател на Република, на една држава. Тоа пак, ќе речам не го спомнувам од поглед на идеолошка позиција, туку го спомнувам чисто од техника на преговарање, начин на преговарање, способност на водење на дипломатија, способност на договарање и способност на добивање на некакви резултати. Мене, навистина, не ми е јасно што се

случи таа вечер. Дали некој од советниците на претседателот на Републиката на Македонија му има пуштено таква провокација или навистина, некој нас во Советот за безбедност си игра со живците на претседателот и на таа политика со која се договара. Меѓутоа, ние навистина бевме сведоци на една класична неспособност на водење и на една класична неспособност на завршница на водење и на правење на еден договор. Пак ќе речам не навлегувам во името бивша југословенска Република Македонија, тоа е втората компонента на целата таа ситуација.

Оттука, навистина, сметам дека е крајно време;луѓето кои ја водат таа надворешна политика во македонската држава да си ги преиспитаат кадрите кои што се околу нив, начинот на кој се договараат и способноста на луѓето и способноста како се прават тие договори. Мислам дека тоа е заради нивниот интегритет, не заради интегритетот на опозицијата зашто сметам дека на тој начин самите губат од сопствениот рејтинг. Тоа е првата работа.

Сега доаѓаме до она што се нарекува, тоа е сега моментот пред кој сите ние сме соочени во Република Македонија. Владата вели нашата една ипол годишна работа не доведе до тука и сега бирајте војна или прием под името бивша југословенска Република Македонија. Би сакал во контекстот на оваа дискусија да се задржам, токму на ова прашање кое во Република Македонија е присутно,\можеби, повеќе од една година, а тоа е, секогаш кога државното раководство ќе закашка некоја работа, или ќе влезе самото во ќор сокак, излегува со помош на истите тие средства за јавно информирање со алтернативата или бирајте војна или нашата одлука. Така беше кога во овој Парламент првиот пат падна претседателот на Републиката, за да истата вечер на македонската телевизија се појави коментар, денеска во македонскиот Парламент не се избра претседател, дали е готово со Македонија. Така беше кога требаше за 10 дена да се

донесе Уставот на Република Македонија. Или ќе го прифатите тој Устав или ќе имате војна во Македонија.; Така беше со многу закони, или работи кои што требаше да се донесат во македонскиот парламент или ќе го прифатите ова или ќе имате војна во Република Македонија.

Една година и неколку месеци државното раководство шпекулира пред целата македонска јавност со таканаречена, некоја апстрактна односно фамозна војна, во која главната поента е ние сме тие кои ви го носиме мирот, а ВМРО-ДПМНЕ или екстремната опозиција е таа која ќе ви донесе војна, ако бидат избрани. И денеска повторно сум сведок каде што истата таа дилема се поставува или бирајте го ова или! бирајте ги ставовите на ВМРО-ДПМНЕ кој ќе донесе војна во Република Македонија. Кога зборувајте за таа војна, јас само сакам да потенцирам еден момент. Рамиз Алија односно,Енвер Хоџа 40 години владееше во Албанија плашејќи ги албанците дека утре почнува војната. Таа иста политика ја правеше и еден Сталин, истата политика ја правеше и еден Тито. Сите негови говори беа мед и млеко за мирот. Меѓутоа истиот тој човек ќе ја направи четвртата армија по сила во Европа армија која денеска гледаме што прави на територијата на бивша Југославија. Токму заради тоа сакам да го потенцирам тој момент. Сакам еднаш засекогаш во Република Македонија да се прекине со таа демагогија од страна на највисокото државно раководство, а тоа е, секогаш кога ќе запнат некаде, секогаш кога ќе се доведат самите во ќор сокак да излезат со ставот, бирајте тоа или војна. Јас сакав само во оваа ситуација неколку работи да кажам. Ако пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакала војна во Република Македонија, за времето додека беше овде српската армија, доволно беше да ликвидираме еден српски старешина, досега во Македонија ќе имавме

колку што сакавме. ВМРО-ДПМНЕ во ниту еден момент не направи ниту еден ексцес. Ако денеска сакавте војна во Република Македонија односно ВМРО-ДПМНЕ ако сакаше војна во Република Македонија, имавме досега 101 прилика да предизвикаме поголем и посериозен политички скандал кој ќе ја предизвика таа војна. Во ниеден момент немавме таква ситуација. Она што не инсистиравме цело време беше само подготовка,

подготовка и подготовка. Меѓутоа, кога зборувам за тоа прашање, мир или војна и во контекст на ова прашање .бивша' југословенска Република Македонија или војна не можат а да не го поставам прашањето на оние кои го плашат македонскиот народ, кои ги плашат македонските'

граѓани со војна, да ни одговорат еднаш засекогаш, со кој тој непријател Македонија ќе води војна. Зошто го велам тоа? Затоа што ако го слушам претседателот на државата, ако ги слушам претставниците на Владата или ако ги читаме македонските средства за јавно информирање, наши досегашни непријатели во овие две години се сепаратистите во Словенија, усташите во Хрватска, фундаменталистите во Босна или врховистите во Бугарија. За жал, јас друг непријател досега од говорите на претседателот на Републиката и оние кои ја пропагираа таа војна не сум чул. Затоа едноставно, друг пат ги замолувам кога ќе го плашат македонскиот народ со војна, да му кажат децидно, јасно, од кои тоа нам ни прети војна. Која е таа држава, кдја нас ќе не нападне, па да знаеме да се подготвуваме. Тоа е најголемото прашање на кое што треба да ни одговорат овде.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение) ,

Навистина мене не ми е јасно од кого тоа јас да се плашам. Тоа е првото прашање што сакам да го поставам.

Второто прашање кога зборуваме за таа дилема бивша југословенска Република Македонија или војна исто така која произлегува од основното прашање е исто т<ака фактот зарем не е малку лицемерно денеска да не заплашуваат GO војна оние кои цело време тврдеа дека во Словенија, во судирот меѓу Словенците и ЈА се криви словенците кои ја нападнаа невината ЈА. Зарем не е лицемерно да не плашат со војна истите оние во војната во Хрватска кои цело време не убедуваа дека усташите се тие кои се криви затоа што ја нападнале југословенската невина армија. Зарем не е премногу. лицемерно да не плашат со војна истите оние кои за цело време на таа агр1есиај на ЈНА не дадоа една јавна изјава, едно јавно, соопштение да го осудат вистинскиот агресор кој напаѓа или води војна или зарем не е лицемерно денеска да не плашат со војна оние кои испратија во првиот момент, во редовите ЈА 24 иљјади македонски војници и старешини. Зарем не е лицемерно денеска да не плашат со војна оние додека мајките штрајкуваа овде пред Македонскиот парламент ги испратија последните 2.000 македонски војници што беа во македонските касарни седејќи горе во Претседателството и со прст немрднувајќи да се спречи тоа последно испраќање на македонските последни 2.00.0 македонски војници и, зарем не е лицемерно денеска да не плашат односно со војна да не плашат истите оние кои повеќе од година ипол не убедуваа дека Македонија е оаза на мирот и заради да се покаже таа нивна политичка оценка до ден денеска во Република Македонија ние немаме официјална информација колку жртви има македонската армија, Македонците во таа војна, неофицијално 45, колку инвалиди се вратија од таа ЈА, неофицијално 100 тешки инвалиди, колку војници воопшто не се вратија и зошто до ден денеска во Македонија

на ниту една државна манифестација не се започнува со минута молчење за жртвите кои паднаа во таа војна.

Затоа, мене ми е лицемерно кога денеска слушам дека некој го плаши македонскиот народ ако тоа го направите или не го направите ќе имате војна во Република Македонија. И, еднаш засекогаш мора да се прекине со таа демагогија во Република Македонија.

Јас ќе речам / Енвер Хоџа 40 -години владееше во Албанија плашејќи ги Албанците дека утре ќе им почне војната.

Гледаме дека после 40 години Албанија сеуште не е во војна. Јас не сакам истиот тој живот да го живеам, ако 10 години владее оваа Влада, секој ден да слушам дека ако не го направиме тоа ќе имаме војна во Република Македонија.

Дајте, да зборуваме за реалната политика. Дајте да зборуваме за реалните аргументи, а немојте со плашење, со политика на страв да го убедуваме македонскиот граѓанин во таа или онаа.

Кога зборуваме за тоа убедување повторно веднаш на истата седница се поставува втората дилема, а тоа е или ќе го прифатиме името бивша југословенска Република или ќе јадете трева и корења. Меѓутоа, со една разлика, што тоа во Србија го исфрлија социјалистите, така што ако некој го исфрла овде, во Македонија најверојатно треба да бидат истите тие, лево ориентираните, а не десните.

Меѓутоа, кога зборуваме за таа дилема, тоа е повторно една фама во која посебно се вклучени директорите. Еве, пропаѓаме, готови сме, или ќе го прифатите името бивша југословенска Република Македонија па ќе потече мед и млеко. Не можеме и сметам дека повторно крајно хипокризно е да го поставиме прашањето или ќе го прифатите името бивша југословенска Република Македонија или ќе имате глад во Република Македонија.

Зошто? Затоа што Швајцарија до ден денеска не е член ан ОН ниту пак бара да биде член на ОН,меѓутоа гледаме дека во Швајцарија луѓето многу убаво си живеат.

Зошто го поставувам тоа прашање? Тоа прашање го поставувам затоа што економскиот дел и економскиот живот на Република Македонија е сврзан со меѓународното признавање во ОН. Меѓутоа, не е пресуден.

Зошто не сакаме да го поставиме обратното прашање кој ја доведе Република Македонија до овој момент каде што ќе кажеме еве ви го, гладот ви доаѓа на прагот? Кој е тој што дозволи една милијарда штедни доларски влогови да бидат изнесени од Република Македонија? Тоа не е економија?! Тоа е чиста политика. Да се дозволи една милијарда долари штедни влогови некој да ви ги дигне од банките тоа е чиста политика. Тоа веќе не е економија.

Кој е оној што дозволи македонското стопанство да се краде секојдневно со оние пљачки, грабежи, криминали на кои сите ние сме сведоци? Конечно, кој е тој што ја води економската политика на Република Македонија во последнава година ипол?

Затоа, премногу е лицемерно некој кој денеска Македонија ја има доведено на работ на гладта, на работ на економската катастрофа, денеска да ви вели или прифатете го името бивша југословенска Република Македонија или ќе имате глад во Република Македонија.

Јас само ќе ве потсетам дека во декември предминатата година во овој Парламент си дадов оставка на местото потпретседател на Претседателот на Република Македонија. Завршниот збор ми беше овој Не можам да се согласам и да учествувам во една политика која во поглед на

економскиот дел за неколку месеци Македонија ќе ја донесе во економска катастрофа. Тоа беа тие зборови што јас ги употребив овде. /Денеска економската катастрофа ја имате не затоа што Македонија не е меѓународно призната, туку затоа што некој ја водеше таа политика во Република Македонија таква. Тоа е главниот проблем на економската суштина и затоа не сакам да го прифатам прашањето бивша југословенска Република Македонија или глад.

И конечно, принципиелното прашање што беше прифатено овде, која е алтернативата, дали ако го одбиеме тоа име некој ќе сноси одговорност. Ќе сноси некој одговорност, оној кој ја водел политиката и оној кој ја довел до сега таа политика, кој креативно ја узурпирал односно некреативно ја узурпирал целата таа политика и кој ги исклучил од тој политички живот на водење на таа надворешна политика сите други фактори.

Добро го кажа примерот пратеникот Тодор Петров, Владата не водеше, не доведе до ивицата на кањонот и сега не прашува прифатете ја вие одговорноста дали да скокнеме долу или да останеме на ивицата на кањонот. Тоа е таа хипокризија што сметам дека и понатаму продолжува Македонија да ја прави една држава во која може да се случува се во која можеме да слушаме се и на крајот повторно никој да не е одговорен. Одговорен ќе биде оној кој ја довел Македонија до овој степен на одговорност.

И, додека во Македонија не почне еднаш за секогаш некој што води одредена политика да сноси одговорност за својата политика, се дотогаш ќе имаме такви промашувања и потоа свикување на Парламентот за да се покријат индивидуалните грешки. Тоа е она што се однесува на одговорноста.

Сега ќе одговорам која е иднината на Република Македонија со тоа име бивша југословенска Република Македонија, на начин на кој што денеска е поставено пред сите нас и пред Советот за безбедност на ОН.

Прво, што се однесува до самото име бивша југословенска Република Македонија, претседателот на Република Македонија излезе пред македонската јавност дека тоа име ќе биде само два месеци. Јас веднаш го поставувам прашањето кој ќе ја сноси одговорноста ако тоа име и целиот проблем и понатаму остане ист после истекот на тие два месеци? Дали во Република Македонија тогаш ќе има некој одговорен кој ќе рече ние ви ветивме дека за два месеци ќе го решиме проблемот со Република Македонија и денеска, на истекот на вториот месец е решен проблемот? Јас ви гарантирам дека ништо од тоа нема да се случи. После два месеци ќе ја добиеме следната политика:

1. Република Македонија, ако сака за два месеци да го реши проблемот, ќе може да го промени Уставот, ќе мора да го промени името, ќе мора да ја спречи непријателската пропаганда, што значи ќе мора да престанав да зборува за македонското малцинство во Грција и некоја трета варијанта,можеби не оваа варијанта, можеби трета варијанта на името Република Македонија. Меѓутоа, во секој случај никако Република Македонија.

Јас можам рамо едно да ви гарантирам, во другото име не сум сигурен, меѓутоа за едно можам да ви гарантирам. После добивањето на името бивша југословенска Република Македонија ние треба еднаш за секогаш да го избришеме сонот дека некогаш ќе се викаме Република Македонија. Тоа е дефинитивно. И, од тоа можете да ме убедувате така или онака, јас ви гарантирам, ако сега го прифатиме бивша југословенска

Република Македонија името, уставното име на Република Македонија ние повеќе никогаш не го добиваме. Тоа е првата варијанта. /Значи, за два месеци да добиеме трета промена на името што ќе значи крајна девалвација на целиот македонски народ, на целата македонска држава, уз промената на Уставот и знамето во најблага варијанта. Тоа е она што за два месеци ќе го добиеме.

А, ако бидеме тврди, како што тврди премиерот Мицотакис тогаш ќе ја добиеме втората варијанта. После два месеци Грците ќе ни кажат Македонците се премногу тврди за да разговараме со нив и ние се повлекуваме од понатамошните разговори, со тоа што вие ќе си останете со името бивша југословенска Република Македонија, а ние ќе си го имаме спорот со вас. Тоа е целата завршница што можеме ние да ја имаме со името бивша југословенска Република Македонија. Добро памтете ги овие зборови, после два месеци, се надевам дека ќе имаме можности повторно јавно да дискутираме до каде е доведена таа надворешна политика. Тоа е првата работа што ќе ја изгубиме.

Втората работа, не сакам повторно да го спомнувам примерот на губењето на националното достоинство, зборувам за националното достоинство на македонскиот народ, македонската нација, затоа што сметам дека иако е овој проблем и на другите кои живеат во Македонија, Албанци, Турци, Роми, Власи и Срби, пред се ова се однесува на проблемот на македонската нација и нивното достоинство, на борбата како ќе се добие, како ќе се заврши до крај. Тоа е основната причина.

Не сакам да коментирам што ќе значи сето тоа и за внатрешни услови и за меѓународни услови. Тоа е она што ќе го добиеме за преговори, како начин на разговори.

Меѓутоа, во целата таа ситуација, кога веќе е доведена состојбата до тука, сега се прави еден нов фетиш, а тоа е дека голем успех било тоа што

се избришало "арбитража", а се ставило "посредништво". Јас ќе бидам толку доволно смел да ви кажам дека на тоа не му приоѓам како на некој успех, туку му приоѓам како на некој пораз.

Зошто? Бидејќи ако зборуваме за посредништво, ние ја даваме варијантата на Грците кога сакаат даречат ние се повлекуваме од овие разговори, вие останувате со името бивша југословенска Република Македонија. И целата грешка што ја правите повторно односно оние што ја прават како преговарачи, тоа е прифаќањето посредништвото да го прават Лорд Овен и Сајрус Венс. Не поради нивните личности. Можеби тоа повторно да бидат некој нов Англичанец и нов американец, меѓутоа, проблемот е ми се чини од некој друг аспект.

Прво, проблемот што нивната досегашна мисија е сврзана со едногодишна преговарачка мисија која има неуспех;

Втората работа што нивната мисија е сврзана со целокупниот проблем на бивша Југославија и на тој начин не става директно во кризата на бивша Југославија и

Третата работа што сметаме дека тие, имајќи го проблемот на Босна и Хрватска ќе бидат премногу зафатени за да можат да бидат целосно ангажирани на проблемот на Република Македонија.

Кој е тој што му текнало да се согласи на таква варијанта јас не можам да ви кажам, меѓутоа ќе ви кажам дека е тоа повторно една катастрофална грешка во водењето на преговорите и на она што сте го направиле досега, тоа е на името бивша југословенска Република Македонија. Повторно од грешка во грешка се влегува.

И, конечно, доаѓам до крајот а тоа е што со името бивша југословенска Република Македонија, ако го добиеме, и кој е стравот кај мене лично што сакам да го изнесам овде ако ние го добиеме ова име бивша југословенска Република Македонија:

Прво, веќе ви реков дека тоа ќе биде едно страшно губење на преговарачката позиција од која ќе излеземе најмалку со повторно осакатено име и осакатен устав и осакатени симболи или долгорочно останување на ова име од неколку години, две, три, пет, десет или петнаесет со името бивша југословенска Република Македонија.

Кој е стравот кај мене лично од ова име бивша југословенска Република Македонија? Можеби стравот произлегува од мојата повеќе од двегодишна политичка активност на овие македонски простори, од моментот кога 17 јуни 1990 година е формирана нашата парија, па до ден денеска, а тоа е борбата со она што се нарекува Југославија, тоа е борбата со она што се нарекува југословенско во Република Македонија, тоа е борбата на која, со која ние веќе се бориме две години и за жал гледаме дека до ден денеска не сме ја завршиле таа борба.

Тоа е она од што најмногу се плашам. Дека името бивша југословенска Република Македонија нема да биде само формална промена на името на нашата држава, туку се плашам дека тоа име ќе биде и една содржинска промена на нашата Република и на нашата држава.

А, уште повеќе се плашам дека тоа име бивша југословенска Република Македонија во овој момент ако се стави ќе одразува една реална состојба во духот, во атмосферата во која живееме во нашата Република Македонија. Тоа е она што многу ме плаши. Не формалноста на името, туку реалната содржина на кое име тоа денеска одговара на многу ситуации во Република Македонија.

Која е таа реална содржина? Тоа е таа реална содржина што јас веќе 3 пати го истакнувам пред Македонскиот Парламент и го повикувам претседателот на Република Македонија да поведе уставна иницијатива да

го смени и да го избрише членот 14 од Уставниот закон на Република Македонија дека надворешната политика на Република Македонија ја води СФРЈ. За жал, до денеска ние имаме уставна обврска, според уставниот закон дека нашата надворешна политика ја води СФРЈ. Неколку пати го опоменуваме претседателот на Републиката да го избрише, да покрене иницијатива за бришење на тој член. До денеска тој член постои. Токму тоа ме плаши мене, господа.

Токму тоа ме плаши дека тоа име бивша југословенска Република Македонија одразува една реална содржина во Република Македонија на која можеме да наброиме во овој момент 15 примери, поаѓајќи од улиците во Република Македонија, во сите градови во Република Македонија вие имате до ден денеска улици "ЈНА" и сите народни херои на српското востание.

Што е тоа што ме плаши? Ме плаши до денеска што ако еден македонски граѓанин сака да извади лична карта ќе му дадат лична карта на која пишува СФР Југославија.

Што е тоа што ме плаши? Ме плаши тоа што ако излезете вие по улицата во Скопје, од 15 автомобили што ќе ги видите, на 5 најмалку ќе видите налепница"ЈУ".

Ме плаши тоа што синоќа чувме една информација преку Македонската телевизија дека контролата на летањето од Белград не му дозволила на еден шведски авион, незнам точно информацијата како беше, да слета во Скопје и го испратила во Софија да слета. Токму тоа ме плаши што нашиот воздушен простор е сеуште под контрола на Трета Југославија.

Што е. тоа што ме плаши? Ме плаши тоа што, ме плаши оној кој од Железниците на Република Македонија дозволил македонскиот железнички транспорт сеуште да се вика југословенски железнички транспорт и во ходниците на македонските железници да гледаме некаква карта на скратена Југославија меѓу Србија, Црна Гора и Македонија. Ме плаши тоа што во тие возови сеуште на патниците уште на патниците им се издаваат билети на југословенски јазик.

Ме плаши тоа што нашите војници кои сега се регрутираат во Македонската армија сеуште им даваат војничка книшка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. И ме плаши...

**РИСТО ЈОВАНОВ**: (Од место)

Што српските директори ги менуваат македонските...

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Да, еве тоа е еден пример денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина Ве молам.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро.

**РИСТО ЈОВАНОВ**: (Од место).

И тие не интервенирале ништо, не мрднале ни со малиот прст...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тихо, тихо, не прекинувај.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Тоа е една реална позиција...

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дека треба да се тепаме...

(Претседателот интервенира за ред со ѕвончето).

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се извинувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Тоа се само десетина примери. Да не спомнуваме уште стотици, да не спомнеме уште стотици примери на кои сме сведоци.

Ме плаши тоа што и покрај Македонскиот генералштаб веќе повеќе од една година има барање до Врховниот командант на Република Македонија да се постават караулите на Република Македонија спрема Србија. Се одбива затоа што караулите многу скапо чинеле и не можеле да ги направат. Тоа е она што ме плаши мене, господа.

Ме плаши што ова име бивша југословенска Република Македонија одразува една реална содржина во која ние живееме во овој момент во Република Македонија, а чии носители се државните раководители на Република Македонија кои не направија ништо за овој период од Уставот на самостојна и независна Република Македонија да ја променат таа реална содржина на животот на македонскиот граѓанин, па ние да се чувствуваме кога одиме по улиците на Република Македонија дека газиме во своја држава, дека газиме во своја татковина и не да се плашиме од оваа слика или онаа слика.

Ме плаши тоа што во сите канцеларии на министерствата на Република Македонија, ако денеска прошетате, ќе го видите симболот сликата на симболот, најголемиот симбол на југословенството Јосип Броз Тито, а оној кој ќе сака да го симне тоа, тој симбол на најголемото југословенство во Република Македонија Јосип Броз Тито ќе биде наречен фашист, националист или екстремист.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

или врховист како што рече некој. Тоа е она што мене ме плаши, што името Бивша југословенска Република Македонија изразува една реална содржина во која ние живееме, реална содржина на која кумува државното раководство на РМ и кое може да биде наша голема опасност. Затоа јас сметам и затоа се плашам дека прифаќањето на едно вакво име Бивша Југословенска Република Македонија ќе биде почеток на една нова денационализација на македонскиот народ внатре и ново разбивање на македонскиот народ внатре, а исто така ќе биде уште една надеж на сите оние од било која институција за некаква лажна илузија, за некаква нова Југославија, лажна илузија за некаква трета Југославија, која повеќе од две години виси во воздухот во светата на политиката, лажна атмосфера во која сеуште на македонскиот народ му се дава надеж дека ќе има некоја трета Југославија, без да му се каже влегувањето во таа трета Југославија, прво ќе значи да се соберат сите македонски војници да се борат во Босна, а второ ќе значи уште поголема економска пљачка на Република Македонија. Тоа е тој страв зошто сум против името, макар и привремено Бивша Југословенка Република Македонија.

Кога зборувам еза тој цел проблем, не можам а да не го спомнам прилогот, неколку пати беше изнесен овде примерот, потребно ни е едно национално малцинство. Ние за тоа многупати сме инсистирале и сме разговарале. Меѓутоа, не можам да сфатам како еден претседател на Грција може секој месец да ги свикува сите грчки партии и да се консултира со нив што мислите, сега, што мислите тогаш, макар да има и спротивставени мислења. Зошто до ден денеска не се случило во РМ претседателот на РМ да ги свика партиите во Парламентот, па и пошироко да свика некој сериозни партии, па да праша што мислите вие? Зошто до

ден денеска целата таа политика е приватизирана од двајца личности во РМ и денеска кога зборуваме за националното единство или поделбите кои повторно ни се случуваат овде, не можеме да не кажеме еден пример. Национално единство ни е потребно. Меѓутоа, за жал, ние веќе сме чекор назад за националното единство кога сме доведени во ситуација да дискутираме, еден мал дел од македонскиот народ да дискутира дека може да се прифати Бивша југословенска Република Македонија, а другиот збор зборува дека не може да се прифати. Што сакате подобар пример дека во Македонија навистина се разбива македонското национално единство, кога гледаме дека дискутираме како што никој нормален и во никоја нормална држава не се дискутира. Промена на името на Република Македонија. Јас можам да ви кажам дека и тука не сум изненаден зошто дискутираме. Дали треба да се прифати, или не треба да се прифати ова име Бивша југословенска Република Македонија. Зошто? Затоа што влегувањето во овој Парламент ние постојано во Македонија се држиме за две прашања, кој во крајна смисла имаат иста поента. И мене денеска не ме изненадува дека истите се оние партии, односно поединци кој го прифаќаат тоа име Бивша југословенска Република Македонија кои си влегувањето на првата седница на Македонскиот Парламент овде се противеа да се свири само Македонската химна, а бара југословенската химна, истите се тие луѓе кога се донесуваше декларацијата за сувереност не убедуваа дека на Америка и требало 200 година да ја донесе Декларацијата за сувереност, истите се тие луѓе кој кога беше овде предложена Декларацијата за раздружвуање од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, овде ја надгласаа иницијативата за тоа раздружување истите се тие луѓе кои беа против кога овде се бараше Македонскиот парламент да испрати декларација со кое ќе се повикаат сите македонски војници и старешини да се вратат назад во

Македонија, кои не обвинуваа дека сакат да ја разбиеме ЈНА, истите се тие луѓе кои денеска не убедуваат дека примањето на името Бивша југослвоенска Република Македонија не е ништо и дека е тоа само технички проблем. тоа е жалното во Република Македонија што гледаме дека постојано се делиме, меѓутоа, се делиме на кои прашања ниедна нација не се дели, ниту една држава не се дели, ние до ден денеска се делиме. Се делиме на името на Републиката.

Во таа смисла, уште еднаш на крајот само ќе потенцирам. Не ме плаши ништо друго, ме плаши само фактот дека ова име Бивша Југословенска Република Македонија ќе изрази и ќе одрази една реална содржина во која живееме во РМ и на која е реална содржина се кумови коалиционите партнери и државното раководство кое денеска ни е нудат таа варијанта. Еден доказ ако ми покажете дека вие ќе ја разбиете за секогаш илузијата за некаква трета Југославија, јас можеби ќе размислувам за било каков компромис, за било каков разговор. Меѓутоа, до ден денеска јас сеуште не можам да се соочам со таа реалност и со таа доверба дека името Бивша југословенска Република Македонија нема да значи само затврдување на една политика која се води во РМ подолго време и внесување повторно со една манипулација, а веќе зборувам за манипулациите на сите македонски граѓани во една творба која никој не ја сака.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Процесот на поширокото меѓународно признавање на РМ, особено за приемот во ОН мора да биде сфатен и прифатен како еден динамички процес кој има своја логика, а особено со почетна и крајна цел. Би било контрапродуктивно, а тоа и се случува неколку пати инсистирањето на оценување, или преоценуваше на секвенции како некои издвоени состојби, зашто на тој начин меѓу другото сами го доведуваме во голем ризик

одржувањето на динамиката, односно постои реална опасност да произведеме трајно статична ситуација со сите непредвидливи, најверојатно трагично непоправливи импликации по нашата национална стратешка цел, Република Македонија да биде примени во ОН и другите специјализирани меѓународни асоцијации по своето сегашно уставно име.

Од друга страна Собранието на Република Македонија, како институција, не смее да се инволвира во играта, барем не предвремено, бидејќи Република Македонија на тој начин практично го губи или непотребно го истрошува своето посебно средство за одбрана на националните интереси кое како препознатлив темел, односно институција на демократијата е респектиран од целиот свет. Зашто светот респектирајќи го Македонскиот парламент како институција, по логиката на автоматизмот, мора да го респектира и Уставот на Република Македонија. На тој начин и сите закони, правила и принципи кои произлегуваат од Уставот, а според кои една суверена држава функционира, а чиј дел се однесува и на нашата комуникација со други држави, исто така ќе бидат почитувани. Но тоа може да важи, само додека Македонскиот парламент е над игрите кои во својата надлежност ги водат или ќе ги водат извршната власт, т.е. Македонската влада и претседателот на Република Македонија. Ние прифаќајќи ја иницијатива на 58-та седница го ограничивме маневарскиот простор на играњето на наведените институции. Но, за да не ризикувам, да бидам погрешно сфатен за секој случај уште еднаш да го искажам и потврдам мојот став околу можноста Република Македонија во ОН да биде примена со привремено име. Република Македонија има свое име. Тоа е уставно регулирано и нема потреба од второ име. Уставот јасно го дефинира прашањето околу името на Македонската држава, тоа е правниот, би рекол уставниот аспект. Но околу прашањето на името постојат и други аспекти, како што се националниот, историскиот,

традиционалниот, моралниот, етничкиот и други, секој издвоен е доволно јак по своето значење да го оневозможува било каква промена на историското име на македонскиот народ. Тоа се фактите, но дали е тоа доволно во една сложена ситуација, објективно тешка да се држиме само до таквите определби и да оставиме оние кои што треба да ни ја одлучуваат судбината исклучиво да ја водат целата иницијатива и да ја одредуваат за моментот кога ќе биде актуелно тоа прашање да дојде до ОН или не. Дали не е потребно Македонската држава свесно во надлежност на некои од своите институции да поведе одредена игра, со тоа што за жал мора тоа да го искажам, бидејќи не е затворена седницата, сеедно, но и онака кога веќе Собранието влезе во игра во целиот процес, некои работи мора да се разоткријат до крај и некои состојби што можеби ако неколку дена Собранието подоцна заседаваше ќе се одвиваат на друг начин и друга логика, ќе мора денеска да ги искажеме на друг начин. Што сакав да кажам? Лично сметам, а тоа е од сега, од овој момент на анализата, поразлично од другиот дел на македонската опозиција, откако го утврдив мојот став дека исто така не се согласувам за привремено име, дека во доменот на политичката практика и водењето на државната политика, македонската држава имаше право да поведе игра со субјектите кои што се партнери во тој процес. Претседателот на Републиката и Македонската влада имаа право по логика на тоа што владеат, се во владејачка позиција, во рамките на своите надлежности и одговорност, да пробаат да ги откријат слабостите на противникот и секако, јас сум свесен дека и тие во таа ситуација се свесни дека така започнатата игра има свој крај, до моментот додека не е загрозен Уставот на Република Македонија, односно нивната мисија

завршува, а македонската историја вечно ќе им биде благодарна за она што го започнале, што за жал верувам како игра не успеавме овој пат да го реализираме. Затоа, мојот став во тој поглед е дека откако со прифаќање на иницијативата да се одржи оваа седница на Собранието, практично мисијата на оваа македонска влада завршува и таа мора да отстапи за јасно да каже дека македонските стратешки цели не се тие што така сега привидно пред светската јавност изгледаат. Македонските национални и стратешки цели се на друг начин дефинирани и во доменот на својата одговорност Владата мора да ја понесе одговорноста. Притоа, сакам да укажам на слабоста за што дојде до ваков расплет на околностите. Зошто дојде до некооперативност меѓу Парламентот на Република Македонија и извршната власт? Пред се, тука одговорноста е лоцирана кај претседателот на Република Македонија кој што не најде сили да повика на национален и политички консензус, кој ќе му овозможеше и на него лично како една институција и на извршната власт во целина да можат и на подруг начин да ги штитат македонските национални интереси, затоа што она што произлезе од прифаќањето за свикување на оваа седница има подлабока порака и би рекол дијагностицира една политичка позадина. Од каде наеднаш владејачката позиција која што не е должна према Уставот на Република Македонија да биде кооперативна со опозицијата да сака да и дава информација за тоа што е постигнато во процесот на меѓународното признавање. Јас тоа го ценам како искажана слабост во последен момент за одговорноста и потребата да ја сподели и со другите политички субјекти, заради неизвесноста од конечниот расплет. Но пак да потсетам она што веќе го укажав Македонската влада и претседателот на Република Македонија мора да бидат свесни за ризикот што го преземаат кога

одлучувале сами. И за пропуштањето на политичкиот и националниот консензус. Но исто така, сакам за во идниот период да констатирам, токму од аспект на моето тврдење дека процесот на меѓународното признавање не може да биде никаква меѓу состојба, туку само динамичен процес, дека покрај чувството на неуспех, не смее, особено не македонската опозиција во целина исклучиво да се задоволи со задоволството, затоа што открива грешка, затоа што таа грешка колку да сакаме не може да биде грешка на идеолошкиот противник, туку е неуспех на сите нас во крајна линија, туку мора во овие судбоносни моменти за Македонија да најде сили за кооперативност, да се надмине недовербата меѓу Парламентот и другите институции по ова прашање и да се овозможи динамика понатаму на процесот. Ако денес запреме и влеземе во анализа кој колку е виновен, тоа ќе стане статична состојба, светот полека ќе не подзаборава и тогаш ќе мора да се соочиме со ситуација на одговорност, но за сите нас без оглед во која позиција се наоѓаме, дали на оние што владеат или на оние кои што се во позиција, зошто сакале или не сме во власта, без оглед на која страна седиме овде на клупите. Она што исто така сакам да го укажам, а што сите дискутанти избегаа од одговор да дадат, тоа е со што треба да се соочиме со цврст став, доколку не овозможиме нов маневарски простор и доколку не го решиме прашањето не демократски начин околу понатамошниот статус на ова Македонска Влада. Мора да се соочиме дека процесот на меѓународно признавање и прием во ОН ќе биде долг и неизвесен и повеќе години дека мора да трае. Може да земеме притоа една ориентација дека барем толку долго ќе имаме прилика да играме на противречноста на глобалните светски интереси, колку што трае и конфликтот во Босна. И добро е што интересот за Македонија е противречен, инаку доколку би постоело било какво едногласие тогаш судбината би ни била извесна. Иако

јас вечерва воопшто н<е сакам ни да помислам дека Македонија нема излезна позиција." Јас сум сигурен дека Македонија ќе ги реши проблемите, ќе биде меѓународно признаена, бидејќи принципите на пошироката меѓународна заедница мора да победат заради нив, бидејќи нивните интереси ќе бидат доведени во прашање, заради тоа што Македонија го ма аргументот за кој што ние и самите и не го експонираме, затоа што сме мирољубив и демократски народ, но историјата тие подобро ја знаат од нас самите. Тие добро знаат дека ако нема мир и правда за македонците, нема да има мир за никого на Балканот. Оттаму произлегува и интересот и грижата за принципите и тука јас го согледувам сопствениот оптимизам дека ќе ја постигнеме националната стратешка цел, која алтернатива е на тврдиот став и непопустливост. Покрај соочувањето како еден предуслов за обезбедување на една психолошка сигурност, колективна, би рекол, државна, ние мора да постигнеме консензус овде во Парламентот, врз база на кој модел ќе го градиме развојот на Македонската држава, во меѓувреме, и можеби на еден друг начин да докажеме дека сме способни да бидеме прифатени и пошироко меѓународно. Дилемата е меѓу социјалистичкиот модел, или граѓанскиот модел. Јас лично се залагам развојот на македонската држава да биде врз граѓанскиот модел и врз тој контекст мора да постигнеме консензус, како што мора да постигнеме консензус на наредните седници околу сите прашања на конституирање на законодавниот простор во Македонија, мора за сите системски закони, мора за клучните прашања да се договориме и да го издвоиме, тоа мора да го направиме од секојдневната свест, проблемот на признавање, туку да се завртиме кон нормално живеење, бидејќи нема причина за драматично наметнување на страв. Ако некоја држава во Европа е безбедна, токму

заради противречностите, Македонија ви тврдам е најбезбедна држава во Европа. Но дали ќе биде држава способна сама да функционира, тоа зависи од нас, тоа друг не може да ни помогне.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Ако добро се анализира излагањето на господинот Љупчо Горѓиевски тогаш ќе дојдеме до заклучок ( се слуша негодување од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ) дека треба баш напротив што поскоро да влеземе во ООН, а ние тоа, според неговото излагање не треба да го прифатиме во овој момент или на некој начин треба да го одложиме, бидејќи тезата беше дека и во сегашни услови како Република Македонија ние се наоѓаме под југословенскиот јарем, а јас тврдам дека ние може би понатаму ќе бидеме под југословенскиот јарем се додека не се утврди северната граница како меѓународно призната граница. Тоа на почетокот.

Меѓутоа, исто така сакам да кажам, како и многу пати досега овие излагања што веројатно се репризирани веќе по 15-ти пат во траење од 50 до 60 минути, се искажуваат голем број на лаги меѓу кои две морам да спомнам веднаш на почетокот и да интервенирам.

Првата лага е и барам веднаш да се дистрибуира излагањето на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров каде меѓу другото, по наоѓање на Љупчо Георгиевски се тврди дека претседателот изјавил дека ние вечерва ќе бидеме примени во ОН. Нека се најде тој дел, во спротивно треба јавно да се извини.

Второ, една друга лага. Нека се посочи, доколку располага господинот Љупчо Георгиевски со документ каде што од страна на грчките власти се нудат имиња за Република Македонија, освен ако на господинот Љупчо Георгиевски тие не му се нудени во четири очи на некои тајни средби со грчки емисари од грчката администрација.

Сега дозволете да се вратам на темата.

Приемот на Република Македонија во ОН е чин со кој дефинитивно ќе се 'Заокружи тековната борба на македонскиот народ за државност и чин со кој дефинитивно ќе се потврди меѓународно правниот субјективитет на независната суверена држава Република Македонија.

Приемот на Република Македонија во Обединетите нации е во завршна фаза. Се окончува макотрпниот и долготраен процес на преговори и интензивна дипломатска активност водена повеќе од година дена. Ова е момент непосредно пред расправата на Советот за безбедност на ООН на која ќе се усвои препорака за прием на Република Македонија во оваа организација.

Она што досега е превземено за таа цел според мене покажува.

Прво, Република Македонија го одбра патот на заштита на националните и државни интереси, затоа не е прифатена промената на н< ето име не е прифатена арбитража за нашето име. Во исто време активностите се водени во правец на отстранување на сите можни ризици што можеа да не доведат во ситуација да ја пропуштиме оваа историска шанса за прием во ОН, сите ризици кои можеа да не вовлечат во целосна економска и политичка изолација, а со тоа и ризиците од нови поделби на Македонија, од повторно оживување на версајските и букурештаноките премрежија.

Денес е повеќе од јасно дека прифатен е дијалог по Резолуцијата на трите членки на Советот за безбедност: Велика Британија, Франција и Шпанија за прием на Република Македонија во ОН. Во таа Резолуција се отстрани барањето на ОН да ни означат привремено име и да ни заклучат дека со арбитража Република Македонија ќе биде обврзана на ново име. напротив, така наречениот институт привремено име е избришан од

Резолуцијата, како и така нареченииот институт арбитража со кој некој утре би не обврзал на ново име.

Заради објективниот факт грчкото противење на нашиот прием под уставното име, Резолуцијата содржи компромисно решение дека само за внатрешните потреби во ОН ќе ни се обраќаат со поранешна југословенска Република Македонија. Ние самите со ОН ќе комуницираме со нашето уставно име Република Македонија. Тоа право не прикосновано ќе го користиме и во целата друга меѓународна комуникација. Привременото обраќање ќе трае два месеци рок во кој треба да завршат нашите преговори со Република Грција, со посредство на медијатори. Тоа значи никој нема право да ни одреди име без наша согласност. Тоа значи за прв пат со Грција ќ седнеме на рамноправна основа да разговараме. Тоа значи дека и натаму го почитуваме нашиот Устав и натаму го употребуваме нашето уставно име.

Заради изострената чувствителност за прашањето на нашето име во Резолуцијата на Советот за безбедност описот поранешна југословенска и заради нашата чувствителност врзана за националниот идентитет и заради заканите тој опис да предизвика несакани последици во Резолуцијата се содржи јасен став дека таквиот опис со ништо не се доведува во врска со сегашната СРЈ. Во моментот е повеќе од јасно дека нашиот избор е можно да се направи само со две солуции:

Прво веднаш да станеме членка на ОН. На тој начин станувам» легитимен и рамноправен државен субјект,член на меѓународното семејство на народите. На тој начин се става дефинитивно точка на аспирациите на соседите кон Македонија и на нивните силни обиди да го спречат нашиот прием во ОН. На тој начин стануваме за прв пат во сопствената историја одговорни и рамноправни соговорници во светот. На

тој начин единствено ги отвораме и процесите на економска консолидација на државата и натамошниот развој на демократијата. На тој начин ја зацртуваме и сопствената национална безбедност за што се отвораат механизмите на зачленување во ЌЕБС и сите останати европски и светски финансиски институции и организации. Исто така само на тој начин како членка во ОН добиваме рамноправен статус во преговорите со Грција. Владата на Република Македонија го одбра овој пат.

Втората солуција да одбиеме било каков дијалог, да обидеме било каков механизам на проговори за зачленување во ОН не би било ништо друго освен обичен авантуризам, да не речеме страшна и погубна неодговорност. Тој пат би бил оставање на Република Македонија во услови на недефинирана територија. Така само би се потврдил битот на Версај и на Букурешт. Тоа е најлесниот пат за нови делби на Република Македонија. Тоа е најлесниот пат до самоуништување. Како што никој нема право да се откаже од уставното име на Република Македонија и од согласноста на македонскиот народ за сопствено име, така никој нема право да ја турне денес Македонија во самоуништување. Токму заради тоа одлуките што деновиве ги носиме бараат големо патриотско срце, но и студена и разумна глава. Најлесно е денес не одговорно да се подигаат емоции и страсти, да се даваат илузии и да се поттикнуваат немири и задоволства. Најлесно е со лажни пароли да се изведат луѓето на улица и да се предизвикаат незадоволства и насила. Тешко е да се сочува мирот и животите на нашите луѓе, да се утврдат сигурните перспективи на животот и опстанокот на Република Македонија. Овој пат нашата одлука навистина е историска. Тој е избор меѓу мирот и војната , меѓу разумот и авантуризмот, меѓу илузијата и реалноста. Затоа одбравме Република Македонија да постои и да опстане, затоа продолжува битката за нашето уставно име,

затоа продолжува битката во дијалогот со Грција,битката да се сочува и мирот и стабилноста во регионот на Балканот.

Ако ми дозволите сега би се задржал на основните потпорни точки на политиката што ја водеше Социјалдемократскиот сојуз во изминатиот двогодишен период во тесна соработка со останатите демократски и политички сили во Собранието и надвор од него, а се однесуваат на остварувањето на главната историска и политичка цел создаваше на независна суверена самостојна држава Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

не може на оваа говорница да се зборува за партијата, само за пратеничката група.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Добро, во ред.

Ние го одбравме патот односно се определивме да се учиме н< туѓите грешки, а не да ги повторуваме , што се покажа во практиката како исправна политика.

Прво, се разликувавме во определбите и начините , како побрзо да се дојде до осамостојување на Република Македонија. Колку за потсетување. Доволно е да се прелистат стенографските белешки од првите седници на Собранието на РМ во период од јануари 1991 година до донесувањето на Уставот на Република Македонија во ноември 1991 година, па да се види која беше стратегијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по прашањата на осамостојувањето на Републиката. Имено колку повеќе јакнеше сознанието кај поголемиот дел на пратениците, на ова Собрание и на вкупната македонска јавност дека постапно но сигурно треба да се материјализира и правно и фактички осамостојувањето на Република Македонија, толку повеќе на друга страна особено кај пратениците од

ВМРО-ДПМНЕ, посебно кај неговото раководство доаѓаше до израз ставот и определбата дека Македонија прво треба да стапи во конфедерација со Словенија и Хрватска (види стенограм од 11.ol.1991 година), па потоа да се изјави дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за обединување на Македонија во некоја идна балканска федерација (исто така види стенограм од 27.ol.1991 година), за да на крајот се предложи јавно за отпочинување со контакти и дијалог со Балкансктие држави за да се слушне нивното мислење за Македонија. (види стенограм од 25.o2.1991 година). Чисти факти.

Што може да се заклучи од овие искажувања на претставниците на оваа партија. Незнам Вие но јас не можам да се оттргнам од впечатокот дека потребата од самостојна и независна држава Македонија не е појаката страна на оваа партија, туку дека историскиот комплекс за заштитник и тутор над Македонија, дали во лицето на една Турција од минатото, дали Бугарија исто од минатото, дали Србија од минатото, дали СФРЈ, се уште не е избришано од свеста на претставниците на најнационалната партија.

Второ, ние се разликувавме по начинот и средствата кои ни беа на располагање, а се во врска со доаѓањето до независност, самостојност, сувереност. Вие се залагавте за донесување на еднострван акт, уставен закон или слично со кој Македонија еднострано би се отцепила од тогашната СФРЈ, што не се стеснувавте да посочите дека најефикасен начин тоа да се направи е да се испровоцира сукоб со бившата ЈНА, нешто слично како што се направи во Словенија. Всушност за таквите залагања можете да се потсетите во стенограмите од 12-тат 14-тата седница на ова Собрание.

Кога веќе ја спомнав Словенија сигурен сум дека последиците од еден таков непромислен чекор односно судир со бившата ЈНА ќе беа

сосема поинакви отколку што беа во Словенија, можеби и по катастрофални по Македонија.

Бидејќи и ден денес некои политички и воени кругови во Србија не можат таа грешка да си ја опростат, но тоа е нивни проблем Ние мислевме дека тоа прашање треба да се реши по мирен пат и со дијалог, при тоа во ниеден момент не потценувајќи ги жртвите во луѓе и материјални добра што Македонија ги поднесе од престојот и напуштањето на бившата ЈНА од овие простори. Нашата заложба беше прво да се донесе закон за одбрана и да се отпочнат разговори за да се дојде до договор по мирен пат за сите прашања. Така и беше и се покажа сосема исправно , бидејќи во спротивно кој знае дали ќе имавме можност денес овие работи да си ги кажуваме на ваков начин во ова наше Собрание.

Трето, се разликувавме и околу тоа на кој начин да се материјализира идејата за осамостојување, односно со такво правен акт и каков карактер тој правен акт да има. Ние баравме референдум како најдемократска форма на изјаснување на македонскиот народ и на граѓаните на Република Македонија, а Вие предлагавте уставен закон за еднострано прогласување на самостојност. Но, Собранието се определи за референдум, а народот со својот глас го поддржа тоа во целост.

Понатаму се инсистираше на донесување на национален устав, по теркот на Хрватска што беше директна причина за отпочнување на војната во Хрватска, која и ден денес не е завршена, а не се знае и кога ќе заврши. Хрватска денес е без една третина од својата територија, економски опустошена, меѓународно осудена. Пред се заради тоа што со нејзиниот национален устав создаде граѓани од прв ред, тоа се хрвати и граѓани од втор ред, сите други кои живеат во Хрватска меѓу кои и нашите Македонци.

Што значи сево ова? Тоа значи дека со Уставот што ние го донесовме врз граѓански принцип успеавме да ги заштитиме вистинските интереси на нашиот народ, а во тие рамки и националните.

Второ, сме поставиле цврсти уставни правни темели за развој на стабилни меѓунационални односи во нашата држава како услов за внатрешна стабилност на сите и меѓународна легитимација пред светската јавност односно модел кој овозможува сожителство со сите националности кои живеат во нашата Република.

Четврто, имајќи го предвид тешкото историско наследство на Македонија околу нејзината борба за изградба на самостојна држава во минатото, како и се уште присутната свест кај добар дел на европски земји дека баш не е нужно да се појавуваат од ден на ден нови држави, особено на Балканот, не принуди да бидеме многу претпазливи во водењето на надворешната политика и постојано да укажуваме дека тој пат ќе биде долг, трнлив, искушувачки, што и се покажа во стварност. Меѓутоа и во врска со ова прашање сметаме дека само со разумни потези, со аргументирана настојчивост и спремност на коперативнсот може да се спречи да се случи преседан во историјата на меѓународните односи, да не се прими земја во ОН, а тоа да го сака. Или уште поголем преседан, да се повлечеме од членство во ОН до колку истите сакаат да ни го сменат името.

Морам да признам дека во настапувањата, однесувањата и дејствувањето на еден дел од опозицијата по ова прашање не се здобив со впечаток дека се има разбирање за сите овие моменти, туку напротив повеќе се правеа обиди да се попречат некои активности, или пак уште повеќе да им се отворат очите на нашите непријатели како полесно да ни го загорчат животот, за што поопстојно зборуваше само пред еден ипол месец пред оваа говорница и господинот Стево Црвенковски

На крајот би се осврнал уште на две во последно време раширени актуелни/тези.

Прво, дека приемот на Република Македонија во ОН не е гаранција дека Македонија ќе ја избегне војната што беснее над бившите ЈУ-простори. Можеби не е гаранција.

Второ дека со приемот на Македонија под овој привремен опис се врши денационализација на македонскиот народ.

За првата теза ќе најдете одговор во изјавата на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ на конференцијата за печат одржана на 9.о6.1993 година во Скопје каде на прашањето, дали признавањето не претставува опасност за отворање на ново воено жариште одговорил: доколку се признае независноста не гледаме опасност за тоа. Спротивно пролонгирањето и непризнавањето носат опасност од агресија, затоа што соседите ќе гледаат едноставен простор со недефиниран став. По основа сосема исправно гледиште кое сега се совпаѓа и со нашите ставови по ова прашање. Но сега се поставува прашањето зошто се напушта овој став и се зазема скоро негативно мислење за приемот на РМ во ОН. И на тој начин се овозможуваат воените опции за разрешување на македонското прашање. Треба отворено да му се каже на народот и дали се сака и војна на овие простори.

И втората дека приемот на Македонија во ОН значи денационализација на македонскиот народ на која теза јас само можам да одговорам дека тоа и може да се случи доколку ние останеме надвор од ОН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Георѓиевски бара реплика. Има право само на пет минути.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Мене ми е мошне драго што практично секој мој настап овде во Парламентот веднаш предизвикува реакции во кое учествуваат пратениците од владејачката коалиција.

Јас немам намера да се враќам на мојот настап денеска. Сметам дека секој оној што беше овде во парламент и во јавноста кој го слушаа мојот настап доволно им се јасни сите аргументи што ги изнесов. Само ќе"е се задржам на неколку работи каде што бев директно прозиван.

Првата работа дека сум изрекол некоја лага во поглед на настапот ан претседателот Глигоров.

Јас можам да ве потсетам, тоа може да се провери и во весникот "Нова Македонија" може Телевизија да го повтори овој дел каде ќе се види дека претседателот, сега незнам во кој дел, но ми се чини дека беше при крајот, јавно изјави, односно не јавно, мислам во настапот, во смисла, сега не можам да го цитирам тоа . Рече народе бидете вечерва спојој никако што јас сум спокоен, вечерва или денеска, рече, се наоѓаме пред историски чин и го очекуваме примот на Македонија во Обединетите нации. Дека јас само не сум го разбрал така може да се види и во весникот "Пулс" каде исто има една цела страна на анализа токму за тој говор и токму за тоа обраќање дека се работи за погрешна информација.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Тоа а првата работа каде што бев директно прозиван.

Втората работа каде што бев исто така директно прозиван дека на некоја конференција во август сум рекол дека непримањето на Македонија и непризнавањето и неприфаќањето во ОН е голема опасност за мирот во Балканот и за војна во Македонија. Јас тоа не само тогаш сум го рекол, јас многу пати го повторував и до ден денес јас не сум отстапил од тој став дека Македонија во овој момент, без разлика дали е признаена или не е признаена, се разбира, до колку не е признаена има опасност од војна. Меѓутоа, она што сакав да го потенцирам кај вас Господине е во тоа што за разлика од вас јас не сметам дека таа војна на Македонија и се заканува од Хрватска, но дека таа војна и се закануваод Србија. Тоа е она на што јас инсистирав, дека вие морате еднаш за секогаш да ги расчистите тие поими, кога го плашите македонскиот народ со војна, да кажете јавно и отворено од кого тоа на Македонија и се закануба војна. Затоа што за мене е крајно лицемерно, од една страна , да кажувате за војната како никаква апстрактна категорија а од друга страна македонскиот врховен командант да не прави никаква подготовка за таа одбрана на РМ. Македонија дури нема ни стратегија за одбрана на РМ. Тоа е главниот проблем на кој јас инсистирав, тоа е онаа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пет минути поминаа, доволно.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се извинувам, уште една реченица.

Третиот момент на што се задржи говорникот е тоа што цело време ги споредуваше програмите на СДС и ВМРО-ДПМНЕ како партии. Јас само ќе ви одговорам кратко. Точно е дека ВМРО-ДПМНЕ ја исфрли идејата за

конфедерација и долго време се бореше за таа идеја за конфедерација. Меѓутоа, само ќе ви напомнам кога ВМРО-ДПМНЕ прва ја исфрли идејата за конфедерација, во Македонија постоеја 17 политички партии кои во своите програми имаа зацртано спасување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Кога сите ве убедивме дека треба да ја прифатите идејата за конфедерација, ја исфрливме идејата за самостојна Македонија и повторно ве убедивме во тоа. Конечно, не сакам да дискутирам многу по тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Партиски програми овде нема.

(Бурна реакција во салата на поголем број пратеници, при што претседателот постојано ѕвонеше со ѕвончето за да се уведе ред)

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Уште една реченица. Во предизборната кампања Македонската телевизија организираше три телевизиски настапи. Јас не сакам на никаков друг начин да ги докажувам програмите, само ја повикувам Македонската телевизија сите три предизборни настапи на политичките партии пред македонските граѓани на изборите да ги повтори на Македонската телевизија. Не сакам ништо друго, таму најдобро ќе ги видиме ставовите на сите политички партии. Само тоа го барам, Македонската телевизија да ги повтори трите телевизиски настапи.

(Некои пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ силно ракоплескаат)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пет минути минаа.

Господинот министер за одбрана само една реченица.

(некои пратеници силно реагираат и извикуваа "не може")

Пратеникот Љупчо Поповски бара реплика пет минути.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Во врска со првото наводно мое обвинување дека господинот Љупчо Георгиевски не дал таква изјава, пред мене се наоѓа оригиналот на обраќањето на претседателот на РМ кон македонската јавност. Никаде не се спомнува (повеќе пратеници силно реагираат и дофрлуваат додека зборуваше овој пратеник) дека вечерва, денес, ќе бидеме примени. Стои само наскоро да бидеме примени во ОН. Тоа е првото.

А второто мислам дека се потврди тезата дека сепак постои воена опасност за Македонија ако не бидеме примени во организацијата на ОН, иако сите мислевме дека господинот Љупчо Георгиевски со господинот Милан Парошки се договориле таква опасност да нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за одбрана Владо Поповски треба да каже нешто.

(повеќето пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ веќе стануваат, некои стојат на своите места, некои се упатуваат кон вратата, а некои во близината на говорницата. )

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сломенато е Министерството за одбрана и Армијата на Македонија, дозволете само куса информација, а не дискусија, бидејќи не влегувам во дискусија само информација.

Караулите на северната граница се поставени 1992 година, (некои пратеници од пратеничката група на СДС ракоплескаат). Ги има девет караули и поставени се пред зимата со адаптирање на објекти кои можеа да се адаптираат. Северната граница е обезбедена како и сите другgranици, а Министерството кон неа пристапи како кон државна граница бидејќи не постои држава без четири граници.

Второ, изработени се комплетно планови за караули, влезени се во буџетот и тие ќе почнат со оваа пролет да се изградуваат на самата гранична линија.

Трето, Министерството е влезено во интерресорна соработка и е формирана комисија за одбележување на државната граница за да не дојде до спорови а такви има. Ниту еден симбол и ниту едно писмо, поврзано со бившите југословенски симболи и писма нема во објектите на Министерството за одбрана ниту во Армијата на Македонија. Актите и документите што ги носат војниците и офицерите уште во 1992 година, се дадени во печат и излегуваат како што печатниците стигнуваат на македонски јазик за сите документи. Македонија односно Министерството за одбрана и армијата на Македонија има план за одбрана ...

(некои од пратениците споменуваат реплика, при што претседателот Стојан Андов вели дека не е реплика , информација е).

Не е реплика, тоа се информации има план за одбрана и особено во однос на најризичната граница (во салата има се посилни 1 реакции од некои пратеници, додека министерот продолжува да зборува)а најризична е северната граница и во проценките на можните агресори на прво место е можната агресија од просторот на Србија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министрите се овде да дадат и кога се овластени претставници, а овој пат е така да дадат објаснување по секоја неточна или искривена информација.

Утре во 10 часот продолжуваме со работа.

(Седницата прекина во 17,40 часот)